ООУ„Стив Наумов"-Скопје



# Нацрт извештај од самоевалуација

2022-2024 година

# Содржина

Лична карта на ООУ„ Стив Наумов“ .......... 4
Општи податоци за училиштето .......... 4
Мапа на училиштето .......... 6
Мисија, визија и мото .......... 7
Приоритети на училиштето(2022-2024год.) .......... 8
Фото-ретроспектива.. .......... 9
Самоевалуација на училиштето .......... 11
Фази на самоевалуација .......... 12
Методи за собирање податоци .......... 13
Временска рамка на самоевалуацијата .......... 14
Комисија за спроведување на самоевалуација .......... 15
Подрачја на самоевалуација на училиштето .......... 16
1.Наставни планови и програми .......... 17
1.1.Реализација на наставните планови и програми .......... 18
1.2 Квалитет на наставните планови и програми .......... 20
1.3 Вонаставни активности .......... 22
Заклучок .......... 25
Приоритетни подрачја .......... 27
2. Постигнување на учениците .......... 28
2.1 Постигања на учениците .......... 29
2.2 Задржување/осипување на учениците .......... 34
2.3 Повторување на учениците .......... 36
Заклучок .......... 37
Приоритетни подрачја .......... 39
3.Учење и настава .......... 40

3.1 Планирања на наставниците ..... 41
3.2 Наставен процес ..... 43
3.3 Искуства на учениците од учењето ..... 46
3.4 Задоволување на потребите на учениците ..... 48
3.5 Оценувањето како дел од наставата ..... 49
3.6 Известување за напредокот на учениците ..... 51
Заклучок ..... 54
Приоритетни подрачја ..... 57
4.Поддршка на учениците ..... 58
4.1 Севкупна грижа за учениците ..... 59
4.2 Здравје ..... 62
4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ..... 64
4.4 Следење на напредокот на учениците ..... 66
Заклучок ..... 69
Приоритетни подрачја ..... 71
5. Училишна клима и односи во училиштето ..... 72
5.1.Училишна клима и односи во училиштето ..... 73
5.2. Промовирање на постигањата ..... 75
5.3.Еднаквост и правичност ..... 78
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница ..... 81
Заклучок ..... 88
Приоритетни подрачја ..... 90
6.Ресурси ..... 91
6.1.Сместување и просторни капацитети ..... 92
6.2 Наставни средства и материјали ..... 93
6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар ..... 95

6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар ........ 98
6.5 Финансиско работење во училиштето ........ 100
Заклучок ........ 102
Приоритетни подрачја ........ 104
7.1 Управување, раководење и креирање политика ........ 105
7.1.Реализација на наставните планови и програми ........ 106
7.2 Креирање на училишната политика ........ 110
Заклучок ........ 113
Приоритетни подрачја ........ 117
8.Училишни приоритети/предлог мерки ........ 118

# Лична карта на ООУ„ Стив Наумов“

## Општи податоци за училиштето

| Адреса, општина, место | ул. „Лазар Поп Трајков“ бр.28  Гази Баба  Скопје |
|---|---|
| Телефон | 3174006  и 3173635 |
| e-mail | ou_stiv_naumov@yahoo.com |
| Веб страна | ou-stivnaumov.edu.mk |
| Основано од | Општина Гази Баба |
| Верификација- број на актот и год. | 14-1205/1 од 26.02.1986 г. |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик |
| Година на изградба | 1948; 1958 и 1968 година |
| Тип на градба | цврста градба |
| Површина на објектот | 5000 м2 |
| Површина на училишниот двор | 3500 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 500м2 |
| Тип на загревање на училиштето | централно греење |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 34+2 дневен престој=36 паралелки |
| Број на смени | две |

Основното училиште „Стив Наумов“ има статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од  I – IX одделение. За учениците од I до III одделение во училиштето се организира продолжен престој (од иста паралелка, односно исто одделение) и продолжен престој за ученици од I до V одделение ( од различни одделенија и паралелки).

Училиштето ги следи современите тенденции и практики во областа на образованието со цел унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес. Креатори на успешните образовни политики се директорот, стручните соработници и наставниците кои постојано  ги стимулираат неисцрпните можности на децата, ги мотивираат и ги учат децата да учат, критички да размислуваат и да решаваат проблеми и предизвици што ги наметнува времето и цивилизацијата во која живееме. Преку планирање на активности придонесуваме за развивање мултикултурен и родов сензибилитет кај учениците, истовремено активно градејќи го инклузивното образование како темел на инклузивното општество. Во насока на градење општествено одговорни млади луѓе училиштето обезбедува доследно почитување на принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето и  во сите активности кои се однесуваат на нив, поттикнува атмосфера и услови кои ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, да изградат претставата за себе како граѓани, а потоа да размислуваат за соработката и поврзаноста со другите граѓани во заедницата. Училиштето како центар за учење во заедницата остварува партнерски односи во заедницата и преку имплементација на современиот концепт на настава се фокусира на вклучување на семејствата и локалната заедница во воспитно-образовниот процес, како и во сите вонаставни активности.

Политиката на јавност и транспарентност е трајна определба на училиштето, а изворите на информации се познати и достапни на сите заинтересирани целни групи.

## Мапа на училиштето






## Мисија, визија и мото

**МИСИЈА**

Поттикнување на критичкото мислење кај учениците и градење интеркултурализам преку ненасилна, демократска и инклузивна култура

**ВИЗИЈА**

Ќе ги подобруваме постигнувањата на учениците преку примена на иновативни образовни приоди и ќе поттикнуваме култура на хоризонтален дијалог, демократска клима и интеркултурализам.

**МОТО**

УЧИЛИШТЕТО-ДОМ во кој градиме почит, доверба и соработка

## Приоритети на училиштето(2022-2024год.)

1. Креирање ненасилна училишна култура
2. Јакнење на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето

**Фото-ретроспектива..**



Клуб за едукација
и превенција



Катче за рекреација
и дружење



Сончева училница


Помислете и на нас
ООУ„Стив Наумов"
НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА
По повод 17 Октомври- „Светскиот ден за борба против сиромаштијата"
ООУ „Стив Наумов" и Подмладокот на Црвениот Крст во периодот од 17-ти до 25-ти месецов, ќе спроведе акција за собирање храна.
Ги повикуваме сите ученици, родители и наставници кои сакаат да се приклучат кон кампањата „Помислете и на нас", во текот на оваа недела да донираат по еден прехрамбен производ (пр.масло за готвење, конзерва грашок, кесичка тестенини, ориз, грав, паштета, кг.шеќер, кг.брашно, тегла ајвар и сл.)
Производите може да се остават на штандовите кои ќе бидат поставени на сите влезови од училиштето.
Прехрамбените производи донирани во кампањата ќе бидат наменети за учениците од социјално загрозените семејства од училиштето.
Под мотото „Секој може да биде Дедо Мраз" го одбележавме 5-ти Септември Денот на волонтерството и заеднички повторно ставивме акцент на промовирање на хуманистичките и алтруистички вредности. Со добра волја, желба и мотивација учениците од нашето училиште поддржани од своите наставници и родители изготвија и подарија многу новогодишни пакетчиња и израдуваа многу дечиња.

# Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата претставува континуиран процес на следење и проценка на квалитетот на наставата и учењето во воспитно-образовната работа, управувањето и финансирањето, како и на материјално-техничките и академските капацитети на училиштето.

Самоевалуацијата како метод за оценување на работата на образовните институции овозможува да се согледаат силните страни (позитивни аспекти), да се идентификуваат слабостите и да се одредат приоритетните подрачја и стратегиите за подобрување. Затоа, целта на самоевалуацијата е објективно утврдување и постојано подобрување на квалитетот на работата на воспитно-образовната институција што во суштина овозможува систематско управување со развојот. Интерното оценување и овозможува на воспитно-образовната институција да создаде појасна слика за сопствената работа, објективно да го рангира квалитетот на својата работа, да ги утврди и да ги унапредува сопствените силни страни, да ги препознае сопствените недостатоци и да работи на нивно отстранување или минимизирање, да се подигне свеста кај сите вработени дека се директно вклучени и одговорни за постигнување на потребниот квалитет и да овозможи креирање на јасен план за натамошно унапредување на работата.

Според тоа, самоевалуацијата води до збир на објективно утврдени податоци, кои се добиваат врз основа на однапред избрани индикатори - индикатори за квалитет, со вклучување во проценката на различни извори на оценување. Вака добиените податоци подоцна се користат за да се креира план за понатамошно подобрување на работата.

За правилно спроведување на овој процес, неопходно е после идентификацијата на индикаторите за квалитет, да се изберат соодветни техники и инструменти за спроведување на самоевалуација,  да се обработат податоците и да се изготви извештај, а потоа да се подготви развоен план.

Извештајот се изготвува врз основа на член 129 од Законот за основно образование (“Службен весник на РСМ, бр.161 од 05.08.2019 година ) и Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта.

## Фази на самоевалуација

### ПОДГОТВИТЕЛНА ФАЗА

се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата

### ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА

се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи за самоевалуација и заеднички извештај за спроведената самоевалуација

### ФАЗА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ

се обезбедува достапност на извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за извештајот за спроведената самоевалуација

## Методи за собирање податоци

Процесот на самоевалуација е комплексен, континуиран и систематичен и истиот е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата се користи целокупната евиденција и документација на училиштето, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родители, ученици и наставници, согласно индикаторите за квалитетот на работата на училиштата-Државен просветен инспекторат.

Во процесот на училишната евалуација се применуваат различни видови техники за собирање податоци и во согласност со нив различни видови инструменти.



## Временска рамка на самоевалуацијата

Согласно законот за основно образование самоевалуацијата на училиштето е спроведена во периодот од две наставни години (септември 2022год.-јуни 2024год.) според планот на активности:

| Активности | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|
| Донесување одлука за отпочнување самоевалуација | Училишен одбор | Септември 2022 |
| Именување членови на комисијата за спроведување на СЕУ | Директор | Септември 2022 |
| Состаноци на комисијата за самоевалуација | Членови на комисија за СЕУ | 2022-2024 |
| Состаноци на координаторите со одговорните на подрачја | Координатори и одговорни на подрачја | 2022-2024 |
| Состаноци на работните групи | Членови на работни групи | 2023-2024 |
| Преглед на училишната евиденција и документација | Членови на работни групи | 2023-2024 |
| Изготвување анкетни прашалници | Координатори и одговорни на подрачја | |
| Дистибуција на прашалниците за наставници, родители и ученици | Членови на работни групи | Април 2024 |
| Обработка на добиените податоци од анкетните прашалници | Членови на работни групи | Април-мај 2024 |
| Согледување на силни и слаби страни во работењето | Координатори и одговорни на подрачја | Април-Мај 2024 |
| Определување приоритетни подрачја за подобрување | Координатори и одговорни на подрачја | Мај 2024 |
| Изготвување поединечни извештаи по подрачја | | Мај-јуни 2024 |
| Изготвување нацрт извештај | Комисија за СЕУ | Јуни 2024 |
| Презентирање и усвојување на нацрт извештајот од страна на Наставничкот совет, Советот на родители, учениците, директорот на училиштето и УО | Комисија за СЕУ | Јуни 2024 |
| Изготвување финален извештај | Комисија за СЕУ | |
| Испраќање на извештајот до ДИЦ и основач | Директор | Јуни 2024 |
| Објавување на Извештајот од самоевалуација на веб страната на училиштето | Директор | Јуни 2024 |

## Комисија за спроведување  на самоевалуација

Врз основа на одлуката за  отпочнување на самоевалуација за периодот 2022-24 год. (02-404/2/2) донесена од страна на Училишниот одбор на 07.10.2022 год., директорот на училиштето донесе решение за именување на членови на комисијата за спроведување на самоевалуацијата на училиштето со деловоден број 02-404/2//21.

| | Комисија за спроведување на самоевалуацијата на училиштето | |
|---|---|---|
| | Име и презиме | Работна позиција |
| 1. | Биљана Василевска | педагог |
| 2. | Билјана Теовска | дефектолог |
| 3. | Татјана Арсовска | предметен наставник |
| 4. | Гордана Мацкова | одделенски наставник |
| 5. | Димитар Проданов/Марија Караѓозова | родител/член на УО |

## Подрачја на самоевалуација на училиштето

1. Наставни планови и програми
2. Постигнувања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

# 1.Наставни планови и програми

**Индикатори**

- 1.1. Реализација на наставните планови и програми
- 1.2. Квалитет на наставните планови и програми
- 1.3. Воннаставни активности

**Работна група**

1.Гордана Мацкова-одговорна
2.Славица Трипуноска
3.Соња Рулеска
4.Елена Боневска
5.Билјана Ристоска
6.Билјана Личковска
7.Тања Гигова
8.Софија Петроска
9.Бојана Митевска

## 1.1.Реализација на наставните планови и програми

### Теми

- ✓ ***Применувани наставни планови и програми***
- ✓ ***Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми***
- ✓ ***Изработување индивидуални образовни планови(ИОП) за чениците со посебни образовни потреби***
- ✓ ***Избор на наставни предмети***
- ✓ ***Планирање активности за реализација на слободните часови /проектните активности на училиштето***
- ✓ ***Реализација на проширени програми***

### Извори на податоци

Наставни планови и програми, концепција за основно образование, водич за слободни изборни предмети во основното образование (БРО), годишна програма за работа на училиштето, тематски планирања, статут на училиштето, Процедура за изготвување ИОП и Модифицирана наставна програма за ученици со ПОП, прилагодени наставни програми за деца со посебни образовни потреби, записници од спроведени анкети за изборни предмети и проширена програма, записници од Наставнички Совет, училишен одбор, совет на родители, ученички парламент, брошури и интернет страница на училиштето.

### Добиени податоци

Воспитно – образовната дејност во основното училиште опфаќа настава што се организира и изведува според наставни планови и програми. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука.

Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците ги изработуваат сите годишни перспективни, односно ги изработуваат планирањата за реализација на наставната програма (I и IV одд.), тематско-процесни и сценарија (I и IV одд.) за предметите од задолжителна настава, неделно планирање (I и IV одд.), изборни предмети, час на одделенската заедница, како и дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. Наставниот план за VI- IX одд. се реализира согласно Концепцијата за основно образование.Во реализацијата на наставата наставниците се придржуваат кон насоките добиени од БРО.

Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на БРО и училиштето, преку однапред изготвени брошури од училиштето кои ги добиваат на секој почеток на

учебната година, како и од е-дневникот.
Наставниците на првата родителска средба на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и програмите за работа, како и со критериумите и стандардите за оценување.
Согласно член 16 став 2 од Законот за основното образование, директорот на училиштето со одлука бр.08-2/1/12/1 од 08.09.2023 година, има формирано Училишен инклузивен тим кој согласно изготвената годишна програма за работа се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Инклузивниот тим има мандат од три години и е составен од седум члена, и тоа: директор, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, одделенски наставник, предметен наставник и двајца родители. Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа. Од страна на директорот на училиштето формирани се инклузивни тимови за секој ученик со посебни образовни потреби. Инклузивниот тим за ученикот е составен од наставниците на ученикот, родителот, образовниот асистент, специјалниот едукатор, педагогот во училиштето и е за период до завршување на основното образование на ученикот. Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето и ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка. Инклузивниот тим за ученикот согласно програмата за работа во фокусот на својата работа ги имаа конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови**.** Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП) со што се обезбедува нивна целосна информираност. За учениците со потешкотии се изготвуваат програми за индивидуална поддршка.
Изборот на наставни предмети во училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. Во првиот образовен период (I-III одд.) слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободниот изборен предмет, секој ученик се поттикнува самиот да избере што сака да прави со други ученици во група како дополнување на она што е веќе учено во текот на неделата. На учениците од вториот и третиот период на основното образование (IV -IX одд.) им се нуди да избираат од четири категории слободни изборни предмети (за проширување/продлабочување на знаењата, за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети, за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, изборни предмети од спортско-рекреативен карактер). При тоа се почитува наставниот план, како и просторните и кадровски потенцијали на училиштето. Анкетни прашалници за изборни предмети се задаваат за учениците од одделенска настава од четврто и петто одделение и предметна настава од шесто до деветто одделение.
Согласно Концепцијата за основно образование училиштето организира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на наставата и еден час по завршување на редованата настава во согласност со родителите.
Родителите по пат на анкетирање имаат можност да се изјаснат за потребата од прифаќање на нивните деца еден час пред и еден час по редовна настава, односно потреба за реализација на проширена програма. Врз основа на спроведената анкета родителите се изјаснија дека немаат потреба од организација и реализација на проширена програма, што најверојатно се должи на тоа што во училиштето учениците посетуваат целодневна настава, како и дневен престој кој е организиран за учениците од класична настава.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

### Теми

- ✓ ***Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала***
- ✓ ***Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала***
- ✓ ***Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието***
- ✓ ***Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми***

### Извори на податоци

Наставни планови и програми, концепција за основно образование, годишна програма за работа на училиштето, тематски планирања, статут на училиштето прилагодени наставни програми за деца со посебни образовни потреби, записници од спроведени анкети за изборни предмети и проширена програма, записници од реализирани воннаставни активности, записници од наставнички совет, училишен одбор, совет на родители, ученички парламент, записници од стручни активи, записници од тимот за училишна интеграција, брошури и веб страна на училиштето.

### Добиени податоци

Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите. Важна компонента во промовирањето на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и воннаставните активности независно од полот/родот, односно стереотипните очекувања поврзани со полот/родот. Воведувањето на интеркултурното образование е неопходно за да се надмине пасивниот соживот меѓу различните етнички и религиски заедници кои живеат во нашата земја и да се овозможи одржлив начин на заедничко живеење во нашето мултикултурно/ мултиетничко општество. За да ја постигне таа цел, училиштето спроведува активности и содржини кои промовираат почитување на културната различност и интеракција меѓу учениците коишто се припадници на различни етнички заедници, особено на часовите на одделенската заедница „Образование за животни вештини и Проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието“ кои преку планираните содржини и активности по предмети,

целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност. Со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.

Инклузивност се обезбедува преку создавање училишна клима во која сите ученици се чувствуваат прифатени и поддржани. Во училиштето се реализираат програми за заштита од насилство и од дискриминација, за личен раст и развој, за помош и поддршка на ученици од социјално ранливи групи и се настојува на нивно максимално вклучување во училишниот живот. Во ова, покрај наставниците, значајна улога имаат и стручните соработници во училиштето. Преку работењето на инклузивните тимови, систематски се следи напредувањето на сите ученици, се води грижа сите ученици да постигнат високи резултати согласно индивидуалните капацитети. Во нашето училиште за подигање на свеста за прифаќање на различностите и поттикнување и унапредување на инклузивната клима во училиштето и во училницата како и за меѓуврсничка поддршка и соработка, помагање на ранливите категории споделување знаење, другарување, заедништво со цел развивање чувство на сигурност и социјална прифатеност преку Клубот за учење и дружење-„Блесок“.
При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина. Заедно со уште десет училишта од општината,нашето училиштето активно се вклучи во реализација на проектот “Градиме заедничка иднина” во соработка со општина Гази Баба и ОБСЕ. Сите активности се насочени кон остварување на главната цел- учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу учениците од различни националности, прифаќање на разликите и правото на еднаквост на сите. При планирањето на наставните содржини во училиштето се поставуваат и цели кои се однесуваат на развивање и јакнење на еколошката свест кај учениците, почитување на различностите како и се поттикнува и развивањето на претприемничките вештини.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, во сите наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки и преземаат одговорност за реализација на истите. Во содржините на одделенските часови и во содржините на наставните предмети историја, граѓанско образование, биологија, географија... се опфатени одредени теми од обласа на раководење, соработка, договарање, самодоверба, почитување на различноста и основните човекови права, разрешување на конфликти, како и теми за односите меѓу половите, репродуктивното здравје, болестите од ХИВ/СИДА и зависност од droги. Исто така и стручните соработници реализираат работилници со презентации и дебати на овие теми.

Стручните активи редовно се состануваат и дискутираат за потребите на наставниците поврзани со наставните планови и програми донесени од БРО. Мислењата, ставовите и предлозите се испраќаат до Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието. Преку Советот на родители и родителските средби родителите се информираат за наставните планови и програми. Родителите активно се вклучуваат во планирањето и реализацијата на наставните и вонаставните активности кое ќе се реализираат во училиштето. Училиштето води сметка во своите органи и тела (Училиштен одбор, Совет на родители) да бидат вклучени и родители/старатели од ранливите групи за да можат да ги застапуваат интересите и на учениците на кои треба да им се обрне посебно внимание поради заканата од исклучување.
Се организираат предавања од страна на родителите од разни области, активно учествуваат во организирање хуманитарни акции, ЕКО акции, базари, хепенинзи....

## 1.3 Воннаставни активности

### Теми

- ✓ ***Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности***
- ✓ ***Опфатност на учениците со воннаставните активности***
- ✓ ***Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности***
- ✓ ***Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности***

### Извори на податоци

Годишна програма за работа на училиштето, програми за дополнителна настава, одделенски дневници, признанија и пофалници од учество на манифестации и натпревари, фотографии и видео записи, изработки од ученици, изработени портфолија.

### Добиени податоци

Воннаставните активности претставуваат исклучително важен дел од целината на воспитно-образовниот процес и придонесуваат ученикот да се развива во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност.
За развивање на различни интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот. Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште, се определуваат со годишната програма за работа на училиштето.
Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности учениците за задоволување на индивидуалните интереси и развивање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, дружењето во слободно време, развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за подобар физички и интелектуален развој. Во рамките на воспитно -образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности што произлегуваат од потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјално потекло. Воннаставните активности се планирани во Годишната програма на училиштето, а опфаќаат: работа со надарени и талентирани ученици, општествено-корисна работа, слободни ученички активности, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеење, следење и унапредување на воспитно-образовната работа, како и активности со партнер училиште од Меѓуетничка интеграција во образованието.

Учениците се вклучени во вонnаставните активности според сопствен избор. Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. Во воннаставните активности, особено во секциите опфатени се голем број ученици според нивните индивидуални способности, интереси и предиспозиции кој ги детектираат наставниците. Се обезбедуваат услови и за учество на учениците со посебни образовни потреби.
Воннаставните активности придонесуваат учениците да развијат верување дека нивните способности не се дадени еднаш засекогаш и дека можат да се развиваат со труд и работа врз себе. Секој ученик има право да учествува во воннаставните активности независно од неговиот успех во наставата. Личниот интерес на ученикот има примарно значење за учество во активностите за што се спроведуваат и анкетни прашалници. Се земаат во предвид и предлозите на учениците при планирање на вонаставните активности. Во воннаставните активности учениците често партиципираат со свои предлози за посети, екскурзи, организирање училишни базари, хепенинзи...
Ученички иницијативи спроведени во учебната 2022/24 година:
Хуманитарна иницијатива за собирање и донирање храна, каде членови на Клубот за едукација и превенција поттикнати од проблемот со глобалната сиромаштија и недостаток на храна се вклучија во Кампањата на Црвениот Крст на Македонија по повод 16 Октомври-Светскиот ден за борба против гладта под мотото „Помислете и на нас“. Покренаа иницијатива за помош и поддршка на социјално загрозените семејства преку хуманитарна акција за собирање храна наменета за учениците од нашето училиште и нивните семејства кои имаат потреба од помош и поддршка.
Ученичка иницијатива за поттикнување ненасилна комуникација, врсничко посредување и разрешување конфликти
Иницијативата за поттикнување ненасилна комуникација, врсничко посредување и разрешување конфликти меѓу учениците произлезе од Ученичкиот парламент и истата е поддржана од Тимот за ученички иницијативи, од вработените во училиштето и Советот на родителите. Во рамки на оваа иницијатива се реализираа повеќе активности.
Ученичка иницијатива за естетско уредување на училиштето со еко изработки.
Со поддршка на ПДАС Меѓаши на 21 Септември 2022 година наставниот кадар и учениците го одбележаа Меѓународниот ден на мирот, ден посветен на борбата против омразата, предрасудите и насилството, ден посветен на промовирање поголемо почитување и достоинство за сите преку изработка на еко мурал „Гулаб на мирот“ и „Дрво на мирот“ и упатија силна порака за вредноста на толеранцијата и меѓусебното почитување.
-изработка на пеперутка, буф и еднорог од пластични капачиња со кои е украсен училишниот двор
-изработка на цветни мурали од рециклирани материјали.
Кампања за развивање свест за чување на училишниот инвентар е кампања под мотото„Чувствувај се и однесувај се како дома“ со цел да ги мотивираат сите ученици да се грижат за училишната средина.
Одбележување на 15 Мај -светскиот ден на семејството „Патека на хуманоста“ проектот е и од математички карактер, но воедно и хуманитарен. Целта на проектот е да се направи што подолга патека од метални денари-монети, а собраните средства ќе се искористат за уредување на Ресурна соба за ученици со посебни образовни потреби.
Нашето училиште се афирмира и со пилот изданието на нашиот училишен весник „Збор-два – Стив Наумов“ посветено на сите чинители во воспитно-образовниот процес кои делуваат овој процес да ја достигне вистинската суштина. „Збор-два – Стив Наумов“ е годишно издание и во него се опфатени активности кои се одвиваат во текот на целата учебна година.
Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно меѓународно ниво, каде постигнуваат високи резултати и успеси за што сведочат голем број освоени медали, пехари, дипломи благодарници и пофалници.

Во учебната 2022/23година освоени се следниве места:
-на општинско ниво: освоени се единаесет први места, дваесет и осум втори места, седумнаесет трети места и 12 пофалници по предметите: математика, хемија, природни науки, англиски јазик и биологија
-на реионално ниво: едно прво места, петнаесет втори и дваесет и едно трето места и петнаесет пофалници по предметите: математика, природни науки, хемија, англиски јазик, географија и биологија
-на државно ниво: едно прво и четири втори и четири пофалници по предметите математика и природни науки

Во учебната 2023/2024 година освоени се следниве места:
-на општинско ниво: единаесет први места, дваесет и шест втори места и дваесет и едено трето места по предметите: математика, хемија, природни науки, англиски јазик и биологија
-на регионално ниво: шест први места, осум втори место и четиринаесет трети места по предметите: математика, хемија, природни науки, англиски јазик и биологија
- на државно ниво: едно прво место по предметот……
Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира активности кои се општествено значајни и хумани, активности кои придонесуваат за развивање на еколошката свест, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците и родителите.
За афирмирање на вонnаставните активности, училиштето соодветно користи различни медиуми: учество на ТВ емисии, детски списанија ( „Развигор", "Наш свет" и "Другарче"), веб страна, социјални мрежи, промотивени флаери и слично.

**Резултати од спроведени анкетни прашалници**

| Прашалник за наставници | Анкетирани вкупно 58 наставници |
|---|---|

-На тврдењето : „Наставниците можат да покренат иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми"се согласувам одговориле 19 (32, 8%), делумно се согласувам 34 (58,6 %), а не се согласувам 5 ( 8,6 %)

-На тврдењето: „ Училиштето планира активности со родителите од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност"се согласувам одговориле 48 (82,8 %), делумно се согласувам 9 (15,5 %), а не се согласувам 1 (1,7%)

-На тврдењето:„ Учениците се определуваат за изборни наставни предмети согласно нивните интереси": се согласувам 51 (87,9%), делумно се согласувам 5( 8,6 %) , а не се согласувам 2 (3,4%)

-На тврдењето:„Индивидуалните образовни планови им овозможуваат напредок на учениците со посебни образовни потреби" наставниците одговориле: се согласувам 37 (63,8%), делумно се согласувам 18 (31 %) , а не се согласувам 3 (5,2%)

-На прашањето:Каква поддршка добивате во училиштето за осовременување на воспитно образовниот процес? Наведете предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето

-најголем број од нив одговориле дека помошта е преку советување, обуки, семинари и работилници. Исто така дека

| | |
|---|---|
| помош добиваат преку логистичка и професионална соработка. Наставници сметаат дека помошта ја гледаат во подршката на стручната служба и дирекотр и од набавка на ИКТ опрема и потребни наставни средства | |
| **Прашалник за ученици** | **Анкетирани вкупно 111 ученици** |
| -На тврдењето: „Самостојно се определувам за изборни наставни предмети согласно моите интереси“ одговориле: се согласуваат 91(82%) , делумно се согласуваат 18 (16,2 %) , не се согласуваат 2 (1,8 %)<br>- На тврдењето: „ Вклучен сум во воннаставните активности кои се реализираат во училиштето“одговориле: се согласуваат 77 (69,4%) , делумно се согласуваат 22 (19,8 %) , не се согласуваат 12 (10,8 %) | |
| **Прашалник за родители** | **Анкетирани вкупно 157 родители** |
| -На тврдењьто: “Информиран/а сум со наставните планови и програми по кои учи моето дете” се согласувам одговориле 119 (75,8%), делумно се согласувам 35 ( 22,3 %), а не се согласувам 3( 1,9 %)<br>-На тврдењето: „Моето дете има можности за вклучување во воннаставни активности, организирани од училиштето“ се согласувам одговориле 122 (77,7%), делумно се согласувам 33( 21 %), а не се согласувам 2 ( 1,3 %)<br>- На тврдењето: „Во училиштето се организираат активности кои придонесуваат за негување на меѓуетнички и родов сензибилитет кај учениците“ се согласувам одговориле 104 (66,2%), делумно се согласувам 44( 28%), а не се согласувам 9( 5,7 %) | |

## Заклучок

Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците ги изработуваат сите годишни перспективни,тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава, изборни предмети, час на ученичка заедница,како и дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Во реализацијата на наставата наставниците се придржуваат кон насоките добиени од БРО. Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на БРО и училиштето, преку однапред изготвени брошури од училиштето кои ги добиваат на секој почеток на учебната година, како и од е-дневникот. Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси.

Содржините во наставните планови и програми, особено часовите на одделенската заедница на кои се спроведуваат активности во рамките на Проектот за „Образование за животни вештини" и Проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието" кои преку планираните содржини и активности по предмети, целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност.Со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.

При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина. Стручните активи во училиштето редовно се состануваат и дискутираат за потребите на наставниците поврзани со наставните планови и програми донесени од БРО. Мислењата, ставовите и предлозите донесени на стучните активи се испраќаат до Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието.Родителите активно се вклучуваат во планирањето и реализацијата на наставните и вонаставните активности кое ќе се реализираат во училиштето. Се организираат предавања од страна на родителите од разни области, активно учествуваат во организирање хуманитарни акции, ЕКО акции....

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што произлегуваат од потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјално потекло. Преку вонаставните активности учениците се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните претприемнички и други вештини. Во вонаставните активности, особено во секциите опфатени се голем број ученици според нивните индивидуални способности, интереси. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно меѓународно ниво, каде постигнуваат високи резултати и успеси за што сведочат голем број освоени медали, пехари, дипломи благодарници и пофалницичениците. За афирмирање на вонаставните активности, училиштето соодветно користи различни медиуми: учество на ТВ емисии, детски списанија ( „Развигор", "Наш свет" и "Другарче"), веб страна, социјални мрежи, промотивени флаери и слично.

***Силни страни***

- ✓ Родителите транспарентно се информираат за наставните планови и програми и новините во наставата;
- ✓ Училиштето планира активности со учениците и родителите од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност
- ✓ Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби
- ✓ Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат согласно нивните потреби и интереси
- ✓ Учениците согласно нивните интереси имаат можност за вклучување во вонаставни активности, организирани од училиштето

- ✓ Наставниците ги поттикнуваат и мотивираат учениците за учество на натпревари;
- ✓ За афирмирање на воннаставните активности, училиштето соодветно користи различни медиуми: учество на ТВ емисии, веб страна, училишен весник, социјални мрежи, промотивени флаери и слично
- ✓

***Слабости***

- ✓ Во одделенска настава училиштето располага со застарени компјутери за реализација на предметот Техничко образование и информатика

## Приоритетни подрачја

- ✓ ***Набавка на нови компјутери за реализација на предметот Техничко образование и информатика во одделенска настава***

# 2. Постигнување на учениците

**Индикатори**

- 2.1. Постигања на учениците
- 2.2.Задржување/осипување на учениците
- 2.3. Повторување на учениците

**Работна група**

1.Благица Илијевска-одговорна
2.Даниела Моневска
3.Дарко Димитријевиќ
4.Сузана Апостолова
5.Александра Атанасовска Крстевска
6.Владанка Михајловска
7.Ивана Саздовска
8.Моника Трајковска
9.Бобан Величковски

## 2.1 Постигања на учениците

### Теми

- ✓ ***Следење на постигањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставните предмети и според квалификациони периоди***
- ✓ ***Подобрување на постигањата на учениците***
- ✓ ***Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби***
- ✓ ***Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава***
- ✓ ***Следење на хоризонталното и вертикалното движење***
- ✓ ***Подобрување на интеркултурните компетенции на учениците***

### Извори на податоци

Дневници на паралелките од учебните 2022/23 и 2023/24 год., годишен извештај за успехот и постигнатите резултати на училиштето во учебната 2022/23 и 2023/24 год., споредбени анализи за успехот на учениците, наставни програми, развоен план на училиштето, извештаи од стручните соработници, записници од стручни органи на училиштето (Училишен одбор, Совет на родители), самоевалуација на училиштето за периодот од 2022/2024 год., досиеја на учениците, програма за дополнителна и додатна настава.
Училишни програми и извештаи, записници од стручни органи на училиштето, училишниот одбор, советот на родители, извештаи од стручните соработници, извештаи од одделенските совети, споредбени прегледи од резултатите од оценувањето, резултати од меѓународни, национални, градски, државни, училишни натпревари, анализи на успехот, анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици, досиеја на ученици (за деца со посебни потреби се води студија на случај - анамнеза и психомоторен развој, ИОП, портфолио, бележник за напредокот, предлог вежби), програма за дополнителна и додатна настава, портфолио за напредокот на ученикот, записници од работата на ТУИ.

## Добиени податоци

Училиштето располага со податоци, прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по паралелки, на ниво на одделение, според полот и по сите наставни предмети и на крајот на секој класификационен период и презема активности за нивно подобрување. Врз основа на увидот во постигнувањата на учениците, училиштето планира активности и истите ги реализира со цел подобрување на истите. На крајот на секоја учебна година се прават споредбени анализи на средниот успех, поведението, изостаноците, како и споредби на успехот на учениците по пол и етничка припадност.
За подобрување на постигнувањата на учениците, наставниците применуваат различни форми, методи и стратеги на работа и применуваат ИКТ во наставата.

***Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазикот на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди***

Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети по класификациони периоди и по учебни години. Континуирано се следат постигнувањата на учениците. За постигнувањата на учениците се применува формативно и сумативно оценување. Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно, учениците од четврто, петто и шесто одделение се оценуваат описно во првите три класификациони периоди, а на крајот на учебната година се оценуваат со бројчани оценки, учениците од седмо, осмо и деветто одделение бројчано се оценуваат. Од добиените податоци (резултати) врз основа на оценувањето на учениците се прават полугодишни и годишни извештаи.

Во училиштето во континуитет се следи и се врши споредба на постигањата на учениците и според полот. Училиштето на крајот на секоја учебна година врши споредба и на завршниот успех на учениците по предмети.

***Подобрување на постигањата на учениците***

Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат со организирање на дополнителна и додатна настава, како и слободни активности. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на сите ученици, се преземаат конкретни активности за континуирано нивно подобрување, соодветни на нивните можности и потреби. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои постигнуваат послаби резултати во однос на совладување на наставните содржини по сите предмети, на надарените ученици по различни предмети и на учениците со пречки во развојот.

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да ги совладуваат наставните содржини. Согласно законот за овие ученици, како и за учениците на кои им се изречени педагошки мерки, се формираат тимови за поддршка не само за учениците, туку и за нивните родители, нивните соученици, паралелката и наставниците. Наставниците реализираат активности и користат форми, методи и стратегии на учење и поучување со цел постигнување напредок и унапредување на

знаењата и истите се прилагодени според потребите на учениците и нивните можности и способности.

Во училиштето се организираат:

-воннаставни активности;

-училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;

-излети, екскурзии, настава во природа;

-проекти;

-работилници;

-акции;

-посети (претстави, фестивали, музеи...).

Училиштето тежнее кон постојано осовременување на наставата преку спроведување проекти и користење современи техники на учење и поучување.

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус, односно го следи трендот на постигнувањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава. Доколку се појават разлики при премин од еден во друг циклус, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нивно надминување.

***Детектирање и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби***

Учениците со потешкотии во учењето се идентификуваат при следење на нивните постигнувања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници. Во почетокот на учебната година се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето, кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите и е во постојана соработка со релевантни институции (Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РСМ). Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето, тимот изготвува програма за индивидуална поддршка, идентификациони листи, план за индивидуална поддршка и вклученост во дополнителна настава. Тимот контуинирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците.

Во училиштето се споведува процес на детектирање и откривање на надарени ученици. Наставникот ги препознава учениците кои напредуваат и постигнуваат повисоки резултати во споредба со своите врсници, споредувајќи го степенот на развиеност на особините, нивото на индивидуалните способности и можности, како и проценка на степенот на совладаност на наставниот материјал. За надарените ученици се води посебен образец во кој се оценуваат особините на учење, мотивационите способности, креативните способности, особините на водство. Надарените ученици се мотивираат за учество во воннаставните активности, секции, проекти, работилници, натпревари кои воедно добиваат дипломи, награди, признанија за учество во најразлични активности.

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции. Учениците кај кои ќе се забележат потешкотии во говорот,

психомоториката, емоционалниот и социјалниот развој, се упатуваат до Заводот за ментално здравје и во центарот за Слух и говор, за добивање мислење и наод од стручен тим.

Во училиштето е вработен и стручен соработник-дефектолог, кој воедно е координатор на Инклузивниот тим во училиштето. Тимот дава поддршка на наставниците и придонесува за јакнење на нивните капацитети, за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот, а воедно им помага при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа.

Дефектологот во континуитет соработува со наставниците и работи со децата со посебни образовни потреби, со цел создавање на подобра клима за нивна инклузија. Групата деца со кои работат стручните соработници се формира врз основа на наод / мислење од Центарот за ментално здравје и Комисијата за меѓународна класификација на функционалности. Наодите се земаат во предвид кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап. Постигнувањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок според индивидуалните способности на овие ученици.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација и евиденција од страна на наставниците (анегдотски белешки, оценки...)

Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност. Успехот и постигањата на надарените деца во континуитет е следен и од страна на стручните соработници.

Во училиштето се избира првенец на генерација, за што е изготвен Правилник со критериуми на успешност и инструмент со бодовна листа за вреднување на учениците кандидати за првенец на генерација.

Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација, како би се селектирале најдобрите ученици кои ќе учествуваат на организираните натпревари.

***Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава***

Дополнителната настава во училиштето се организира за учениците кои имаат потешкотии во учењето и послабо ги совладуваар содржините по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Оваа настава се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од I до IX одделение. Наставниците редовно ја реализираат допонителната настава и се во постојан контакт со родителите на учениците и се известени за начинот на реализирањето на дополнителната настава.

Реализацијата на дополнителна настава се евидентира во одделенскиот дневник. До дваесетти септември се изготвува распоред за дополнителна настава, кој по донесувањето станува дел од годишната програма на училиштето. За дополнителната настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците, кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот, преку кои родителите се известуваат за денот и терминот кога истата се одржува.

***Следење на хоризонтално и вертикално движење***

Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.

Во постигнувањата на учениците кои завршиле петто одделение и постигнувања на истите ученици кои завршиле деветто

одделение нема значајно отстапување.

Училиштето не добива повратни информации за успехот на учениците при преминот од основно во средно образование и не ги следи нивните постигнувања. Во училиштето се испраќа известување во кои средни училишта нашите ученици го продолжиле своето образование, но не и информации за нивните постигнувања во средното образование.

***Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците***

Во рамките на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието училиштето промовира и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Заеднички активности овозможуваат учениците да се ангажираат во размена на културите, традициите и заедничко промовирање на културното наследство преку посети на културни и образовни мнифестации, изложби, разни еколошки акции и др.

На тој начин учениците имаат можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други и за намалување на негативните стереотипи и предрасуди.

Во рамките на редовните часови и часовите на одделенската заедница, наставниците одржуваат часови и работилници со содржини преку кои се развива мултикултурен сензибилитет кај учениците, се продлабочуваат нивните компетенции кои им се потребни за живот во едно интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.

Училиштето секоја учебна година во годишната програма за работа го вклучува интеркултурното образование во мисијата и визијата, изготвува план за унапредување на истото со конкретни самостојни активности и јасно дефинирани цели. За секоја планирана самостојна активност се изготвени акциони планови во кои се прецизираат заеднички работни средби меѓу тимовите на партнерските училишта. За сите активности континуирано се истакнуваат информации на огласната табла во наставничка канцеларија .

Сите настани и активностите се промовираат и пред претставниците од општината и родителите. Во изминатите учебни години беа релазирани повеќе активности согласно акциониот план:

-Одбележување на Европскиот ден на јазиците - воннаставна активност
-„Поговорки од различни култури“ (читање и запишување на поговорки на хамер од различни култури)
-„Спортот - нишка за соработка, игра и другарство“ - заедничка активност на ученичките заедници од двете партнер училишта
-Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите под мотото „Сите сме исти“
-Посета на Кинотека на РСМ - воннаставна активност
-„Шарен свет“ –реализација на ликовна изложба – заедничка активност
-Посета на Ботаничка градина - заедничка активност
-Група жичани народни музички инструменти
-„Раси, култури и религии“
-Праведни решенија и разрешување конфликти меѓу децата
-Работилница: Ние сме виножито

## 2.2 Задржување/осипување на учениците

### Теми

- ✓ ***Опфат на учениците***
- ✓ ***Редовност на наставата***
- ✓ ***Осипување на учениците***
- ✓ ***Премин на ученици од едно училиште во друго***

### Извори на податоци

Програми за работа на училиштето, дневници на паралелките од учебните 2022/23 и 2023/24 год., годишен извештај за успехот и постигнатите резултати на училиштето во учебните 2022/23 и 2023/24 год., список на деца од реонот на училиштето кои треба да се опфатат во прво одделение од надлежни служби (МВР и Единица на локална самоуправа), увид во педагошката евиденција и документација, известувања на училиштето до надлежните органи МОН и ДПИ, евидентни листови за разговори со учениците од стручните соработници, извештаи од стручните соработници, извештаи на училиштето, анализи на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата, разговор со директор, стручна служба и наставници, записници од средби со родители и соработка со локална самоуправа, Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници...).
Програми за работа на училиштето, извештаи на училиштето, список на деца од реонот на училиштето што треба да се запишат во прво одделение во основното образование (од надлежните служби од општината), преглед на запишани ученици според реонизацијата на општината, потребна документација за упис, анализи на опфатот, осипување и изостанување од наставата, интервју со директорот, стручните соработници и наставниците, увид во педагошката евиденција и документација, известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и Државен/општински просветен инспекторат-ДПИ и Центарот за социјални работи), записници од средби со родители и локалната самоуправа, евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.), покани за советување, записници од одржани советувања со родителите, известувања до Центарот за социјални грижи и до надлежен орган, записници од работата на ТУИ.

### Добиени податоци

***Опфат на учениците***
Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (формирана училишна комисија, покани до родители, посети на семејства, посета на градинки, проверка на потврда за примени вакцини, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница, граѓански организации). Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните

институции. Училиштето има воспоставен систем за прибирање податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование. Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес.
Училиштето добива списоци со училишни обврзници од МВР пред да започне запишувањето на учениците во прво одделение и има изградена политика за опфат на сите ученици.
Училиштето ги опфаќа децата кои живеат или привремено престојуваат во реонот на училиштето, односно од урбаните заедници Автокоманда и Керамидница, како и учениците кои живеат на улиците ,,Едвард Кардељ“ до број 28 и ,,Благоја Стевковски“ до број 15. Доколку останат слободни места по завршување на уписот, се запишуваат и ученици од друг реон. Пред започнување на уписот во прво одделение училиштето истакнува соопштение и ги информира предучилишните установи од реонот за започнувањето на уписот и потребната документација.

***Редовност во наставата***

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според полот, етничката припадност и социјалниот статус. Ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано отсуство) и навремено превзема конкретни активности преку соработка со родителите. Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Редовноста на учениците се следи преку евидентирање на отсуствата во дневниците на паралелката, на крајот на прво и трето тромесечие, на полугодие и на крај на учебната година и со истите ги запознава Одделенскиот, Наставничкиот, Советот на родители и Училишниот одбор.
Се анализираат причините за отсуства, се применува интерниот правилник за изрекување педагошки мерки (за учениците кои имаат над 10 неоправдани изостаноци).
За учениците кои нередовно ја посетуваат наставата училиштето организира советување на родителите. Просечниот број на неоправдани изостаноци на учениците е на задоволително ниво, односно бележи подобрување во однос на предходните учебни години.

***Осипување на учениците***

Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност), ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.
Доколку во училиштето има ученици кои повеќе од еден месец отсуствуваат од настава, се поведува постапка согласно процедурата за неоправдано отсуство повеќе од еден месец. За истото се информира надлежниот општински просветен инспектор со пополнета пријава за нередовност со податоци за родителот и ученикот.

***Премин на ученици од едно училиште во друго***

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При преминот од едно во друго училиште, училиштето редовно ги доставува сите значајни информации за образовниот развој на ученикот додека при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема во предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Преминот во друго училиште е документирано во дневникот на паралелката и во матична книга, а причините најчесто се преселување од местото на живеење.
На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница со печат и потпис од одделенскиот раководител и директорот, заведена во Деловникот на училиштето.

## 2.3 Повторување на учениците

### Теми

✓ ***Ученици што не ја завршуваат годината/образованието***

### Извори на податоци

Интерни училишни акти, анализа за успехот на учениците во последните три години, увид во педагошката евиденција и во документацијата, записници од разговорите со учениците, родителите и стручните соработници, примери од поднесени и разгледани жалби од родители и ученици.

### Добиени податоци

Сите ученици го завршуваат одделението, односно годината. Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за неуспехот во завршување на образованието и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици што не го завршуваат образованието.

### Резултати од спроведени анкетни прашалници

| **Прашалник за наставници** | **Анкетирани вкупно 58 наставници** |
|---|---|
| -На тврдењето: ,,Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби и планираат активности соодветни на нивните индивидуални потреби“, наставниците одговориле: се согласувам 54 (94,8%), делумно се согласувам 3 (5,2%), не се согласувам 0 (0%).<br>-На тврдењето: Анализа на податоците за постигнувањата на учениците се врши по сите наставни предмети за сите класификациони периоди“, наставниците одговориле: се согласувам 55 (96,6%), делумно се согласувам 2 (3,4%). | |

| Прашалник за ученици | Анкетирани вкупно 111 ученици |
|---|---|
| -На тврдењето: ,,Часовите за дополнителна настава придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците“, учениците одговориле: се согласуваат 83 (74,8%), делумно се согласуваат 24 (21,6%), не се согласуваат 4 (3,6%).<br>-На тврдењето: ,,Наставниците нè поттикнуваат и мотивираат за учество на натпревари“, учениците одговориле: се согласуваат 74 (66,7%) , делумно се согласуваат 28 (25,2%) , не се согласуваат 9 (8,1%). | |
| **Прашалник за родители** | **Анкетирани вкупно 157 родители** |
| -На тврдењато: ,,Одделенскиот наставник/раководител континуирано дава поддршка на моето дете во однос на неговите постигнувања, редовност и однесување“ се согласувам одговориле 150 (95,5%), делумно се согласувам 7 (4,5 %), а не се согласувам 0 (0 %) | |

## Заклучок

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите класификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години (2022/23 и 2023/24 год.)

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми. Има подобрување на општиот успех на училиштето. Стручниот тим (психолог, педагог и дефектолог) во континуитет ги следи учениците со потешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби. Нивните постигањата се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.

Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација. Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот на децата во прво одделение и ги посетува градинките во својот реон. Систематски се следи редовноста на учениците, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите. Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго. За учениците кои

не ја посетуваат наставата се постапува согласно Законот за основно образование. Наставниците редовно ги бележат постигањата на учениците и даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот. Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел следење на напредокот и редовноста на учениците.

Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечие и свидетелствата. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за учество на ученикот во воннставни активности во училиштето.

Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавните гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, музички настапи. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која се промовираат учениците кои постигнале високи резултати на натпревари и нивните наставници ментори.

***Силни страни***

- ✓ Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби и планираат активности соодветни на нивните индивидуални потреби, кои се реализираат во редовната, додатната и дополнителната настава.
- ✓ Часовите за дополнителна настава придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците.
- ✓ Има подобрување на општиот успех на училиштето.
- ✓ Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата.
- ✓ Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето.
- ✓ По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните две учебни години.
- ✓ Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје, како и со Комисијата за Меѓународна класификација на функционалности во работата со децата со посебни потреби.
- ✓ Постои изградена политика на опфат на учениците и за тоа се преземаат соодветни активности.
- ✓ Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на нивните деца.
- ✓ Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел следење на напредокот и редовноста на учениците.
- ✓ Во училиштето редовно се води и даваат информации до родителите преку Е-дневник.
- ✓ Се води континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците
- ✓ Активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати.
- ✓ На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која се промовираат учениците кои постигнале високи резултати на натпревари и нивните наставници ментори.

***Слабости***

- ✓ Недостасуваат споредбени прегледи на резултати од интерни тестирања;
- ✓ Недостаток на повратна информација за постигањата на наши ученици во средното училиште.
- ✓ Наставниците се соочуваат со потешкотии при оценувањето на учениците со посебни образовни потреби

## Приоритетни подрачја

- ✓ ***Планирање активности за поддршка на наставниците при оценување на напредокот и постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби.***
- ✓ ***Воспоставување систем за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици.***

# 3.Учење и настава

**Индикатори**

- 3.1. Планирања на наставниците
- 3.2. Наставен процес
- 3.3. Искуства на учениците од учењето
- 3.4. Задоволување на потребите на учениците
- 3.5. Оценувањето како дел од наставата
- 3.6. Известување за напредокот на учениците

**Работна група**

1. Ана Ристовска -одговорна
2. Магдалена Јанковска
3. Славица Стојаноска
4. Андријана Стефановска
5. Марија Лефковска
6. Благица Блажеска
7. Ирена Тричковска
8. Ангелина Трајковска
9. Благица Јованова

## 3.1 Планирања на наставниците

### Теми

- ✓ ***Поддршка и следење на планирањата на наставниците***
- ✓ ***Индивидуални планирања на наставниците***
- ✓ ***Размена на искуства и на информации при планирањето***
- ✓ ***Распоред на часови***

### Извори на податоци

Наставни планови и програми, годишна програма за работа на училиштето, годишни и тематски планирања, дневни планирања, планирања за додатна и дополнителна настава, записници од состаноци на стручни активи, записници од средби на членовите од инклузивниот тим со активи и поединечни наставници, евиденција и извештаи од посетени семинари , обуки, работилници, предавања, евидентни листови –инструменти за следење на планирањето на наставниците, инструмент за следење и евалуација на наставниот час, инструмент за следење и евалуација на дневните подготовки на наставникот за додатна и дополнителна настава, план за размена на искуства со други училишта во рамките на ПМИО,професионално досие на наставниците, план, докази и извештаи за личниот професионален развој на наставниците, распореди за реализација на наставни и вонnаставни активности, записници од работа на тимот за училишна интеграција- ТУИ.

### Добиени податоци

***Поддршка и следење на планирањата на наставниците***

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование, меѓуетничките како и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Наставниците пак, редовно изработуваат годишни и тематски наставни програми согласно новата концепција за образование, како и дневни подготовки и сценарија кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот ( содржини и поими, стандарди за оценување, активности за учениците во кои се наведени и наставните форми,методи и техники,инструменти, диференцирани активности, активности според ПОП, средства, задавање домашни задачи, користење ИКТ,следење на напредокот, рефлексија, кои континуирано ги следат директорот и стручните соработници на училиштето за што пополнуваат формулари со одредени индикатори, а од страна на директорот се даваат забелешки и насоки за понатамошна работа. Стручните соработници им даваат поддршка и насоки на наставниците при изработката на годишните, тематските и дневните планирања. Планирањата за учениците со

ПОП се врши врз основа на процена на нивните способности како и врз основа на добиено мислење и препораките од Стручното тело за проценка по МКФ. Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето и ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка. Инклузивниот тим за ученикот согласно програмата за работа во фокусот на својата работа ги имаа конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови. Во училиштето според ИОП настава следат 12 ученици. Од учебната 2021/22 во рамки на училиштето се обезбеди простор за функционирање на Центарот за поддршка од Основното училиште со ресурсен центар „Иднина", а инклузивниут училишен тим остварува континуирана и конструктивна соработка со истиот. Соработката со ресурниот центар е во насока на обезбедување образовна асистенција како и индивидуални третмани за учениците со попреченост.

***Индивидуални планирања на наставниците***

При изготвување на своите програми наставниците ги користат сознанијата од средбите со советниците и размената на искуства од одржаните стручни активи, препораките на стручните соработници и инклузивниот тим, посетите на семинари, обуки и предавања и соработката со основните училишта од општината и градот. Во училиштето постои редовно соработка меѓу наставниците од одделенските активи при што тие заеднички изготвуваат неделни и месечни планови. Наставниците изготвуваат годишни, тематски и оперативни планови, како  и индивидуални планови за деца ПОП во зависност од нивните способности  и во консултација со инклузивниот тим и стручните соработници, модифицирани програми, програми за општа поддршка, како и диференцирани цели во самите оперативни планови за децата со потешкотии во учењето. Покрај редовната настава, наставниците редовно ја планираат реализацијата на изборните предмети и другите активности, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности и уредно ги документираат доказите од истата. Исто така, наставниците планираат и задаваат домашни задачи согласно даденото упатство од страна на БРО. Содржините и поимите на наставните едници, стандардите кои треба да се усвојат со учењето, како и следењето на напредокот се јасно утврдени во наставничките сценарија и планирања , а наставниците ги користат овие информациите од оценувањето за да ги детектираат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во нивното учење.

За сите заинтересирани ученици од прво до петто одделение, кои не посетуваат целодневна настава организиран е дневен престој . Вработените наставници во дневниот престој исто така, редовно изработуваат годишни програми за работа и даваат значителен допринос за напредокот и постигнувањата на учениците од овие групи.

***Размена на искуства и информации при планирањето***

Во рамките на стручните активи наставниците посетуваат отворени и нагледни часови, дискутираат за актуелни и тековни програми и проектни активности и разменуваат искуства и идеи. Во планирањата редовно интегрираат содржини со примена на ИКТ, содржини и активности во рамките на проектот за "Еколошка едукација во македонскиот образовен систем", проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието и  проектот „Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство".

Училиштето е дел од проектот  "Зајакнување на детските капацитети во превенција од насилство спроведуван од првата детска амбасада Меѓаши  и во истиот  партиципираме уште од самиот почеток на проектот.

Согласно потребите на воспитно-образовниот процес, наставниците посетија голем број обуки меѓу кои:

- „Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми"
- „Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата"
- „Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибер насилство и сл".

- „Изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма“
- „Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата“.
- „Имплементација на подзаконскиот акт усвоен од МОН- Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување“
- „Реализација на новата Наставна програма за шесто одделение“
- „Стратегии за менаџмент во училница-принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница“
- „Програма-ДИСО (Децата и семејствата во образованието“
- „Медиумска писменост“
- „Интегрирано планирање и активна настава“
- „Насилен екстремизам и радикализација“
- „Род, родова еднаквост и родово засновано насилство. Спречување и заштита од насилство во училишта“

Исто така, наставниците посетија разни ЕДУИНО вебинари, а голем дел од нив се приклучија и на здружението „Зон учител“ каде редовно се посетуваат обуки, се разменуваат искуства преку соработка со други училишта на ниво на општина, држава, како и на меѓународно ниво .

Активностите во рамките на сите овие проекти и размената на искуства, покрај тоа што влијаат на професионалниот развој на наставниците , ги зајакнуваат нивните педагошки вештини и придонесуваат за подобрување на социо-емоционалните и критичките вештини кај учениците.

***Распоред на часови***

Согласно наставните планови, интересите на учениците, просторните можности и услови на училиштето и според спецификата на одредени предмети се изготвува распоред на часови во консултациии со наставниците, директорот и стручните соработници. Во предметната наставава распоредот го изготвува предметен наставник определен од директорот додека, во одделенската настава рапоредот се изготвува во рамки на Стручниот актив при што се води сметка за максималното искористување на расположливите просторни капацитети на училиштето и задоволување на потребите на учениците. Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава, изборни предмети како и за слободни ученички активности кој доследно се почитува.

## 3.2 Наставен процес

### Теми

- ✓ ***Наставни форми и методи***
- ✓ ***Употреба на ИКТ во наставата***
- ✓ ***Избор на задачи, активности и на ресурси***
- ✓ ***Приод на наставникот кон учениците***
- ✓ ***Интеракција меѓу наставниците и учениците***
- ✓ ***Следење на наставниот процес***

**Извори на податоци**

Годишни , тематски и дневни подготовки, записници од стручни активи, записници од работата на ТУИ, пополнети инструменти од посетени часови, портфолија на наставниците, инструмент за евалуација на наставниот час со сите аспекти (клима во паралелката, оценување на напредокот на учениците, комуникација на наставникот со учениците, изведба на наставен час, водење и тек на час), водење на педагошки картон, инструмент за следење на педагошка евиденција и документација,(одделенски и матични книги), програма за работа на директорот и стручните соработници, Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците

**Добиени податоци**

***Наставни форми и методи***

За реализација на наставната програма наставниците применуваат разновидни наставни форми, методи и техники на учење и  поучување со цел активно учество на учениците во процесот на стекнување знаења, развивање критичко мислење, вештини за соработка и комуникација и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот.Најчесто се користат  следниве форми и методи на работа:фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, метод на разговор, текст метод, практична работа, набљудување, експеримент. Од техниките најчесто користени се следниве:бура на идеи, техника грозд, венов дијаграм, коцка, петторед, квадрант, разновидни компоненти, техники и активности од доменот на КРРП,  а се користат и техники од разни обуки, проекти, работилници и семинари. Наставниците користат и разни техники методи, форми, веб страни, апликации и игри кои се прилагодени за да ги задоволат потребите на учениците. Исто така, во наставата се овозможува секој ученик да напредува согласно  индивидуалните можности и способности. За таа цел се применуваат индивидуализиран, модифициран и диференциран пристап на работа со учениците.

***Употреба на ИКТ во наставата***

Во училиштето од учебната 2022/23 има нов кабинет по информатика  опремен  со 16 компјутери кои се функционално мрежно поврзани.Исто така, училиштето согласно потребите за реализацијата на наставата според новата концепција во образованието во континуитет се снабдува со нови смарт табли и помагала за непречено одвивање на наставата и сега располага со 13 смарт табли,28 ЛЦД проектори и 4 МИМИО уреди, 7 смарт телевизори, 62 лаптопи, 4 персонални компјутери за стручните соработници и 10 персонални комјутери за наставници. Наставниците се обучени за примена на ИКТ во наставата и применуваат апликации и едукативни образовни софтвери  ( Edmodo, Quizizz, Learning App, Teams, Едуино, Добри практики за планирање и реализација на наставна содржина со примена на КРРП, Mathigon) .

Имајќи јго во предвид брзиот развој на ИКТ-технологијата ,се јавува потреба  за континуирано обновување на постоечката технологија, континуирано опремување на училниците со смат табли, континуирано следење на повеќе вебинари, обуки, семинари и работилници за наставниците кои би придонеле за  осовременување на воспитно-образовниот процес и во

услови на наставата.Исто така постои потреба од воведување на современа образовна асистивна технологија во работата со учениците со попреченост, но и подготовка на наставниот кадар за римена на истата.

***Избор на задачи, активности и ресурси***

Планираните задачи за време на часовите како и домашните задачи се со различно ниво на сложеност и приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците при што на учениците им се овозможува да напредуваат согласно своите способности . При реализирање на наставните часови и обработка на наставните содржини наставниците покрај учебниците користат и прирачници за работа, електонски учебници за потребите на новата концепција , различни извори на знаење и дополнителна литература, разни нагледни средства и помагала кои се соодветно прилагодени како за што поуспешна реализација на наставата.

***Приод на наставникот кон учениците***

Наставата се реализира со примена на интерактивни методи кои поттикнуваат активно учество на учениците во наставниот процес.Наставниците редовно ги запознават учениците со целите на часот во секоја фаза од учењето и истите се јасно поставени и разбирливи за сите ученици. Исто така, поучувањето на наставниците е грижливо планирано и реализирано во согласност со возраста, потенцијалите и способностите на учениците. Наставата се одвива со примена на интерактивни методи, форми и техники и со поттик од страна на наставниците за активно учество на сите ученици. Наставниците исто така, преку редовните индивидуални повратни информации и редовните насоки за подобрување на успехот упатени на учениците, ја градат и зголемуваат довербата помеѓу нив и учениците.

***Интеракција меѓу наставниците и учениците***

Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење разлика меѓу учениците по пол , социјалното потекло, етничка и верска припадност.Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба притоа, обезбедувајќи им еднакви можности и земајќи ги во предвид нивните способности. Предавањата, од страна на наставниците, се јасни, соодветни на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците. Сите наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата.

***Следење на наставниот процес***

Во училиштето постои пропишана , интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од страна на директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти (протоколи) го следат и евалуираат работењето на наставниците. Од друга страна, стручните активи редовно се состануваат и разменуваат искуства од посетата на нагледни и отворени часови , како и од посетени семинари и обуки, со цел унапредување на наставата.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

### Теми

- ✓ ***Средина за учење***
- ✓ ***Атмосфера за учење***
- ✓ ***Поттикнување на учениците за преземање одговорност***
- ✓ ***Интеракција на учениците меѓу себе***

### Извори на податоци

Анкета за учениците, родителите и наставниците, евиденција за редовно дежурство на наставниците, програма за работа на училиштето, извештаи на ученичката заедница, записници од разговори со родителите, наставници, увид во ученичките досиеја, увид на заедничкиот училиштен простор, записници од работата на ТУИ

### Добиени податоци

***Средина за учење***

Учениците и родителите го доживуваат училиштето пред се како безбедна средина, а тоа се должи на поставувањето на повеќе видео-камери во училиштето, обезбедувањето односно, вработувањето на лице одговорно за заштита и сигурност на учениците и вработените во училиштето како и дежурствата на наставниците.Исто така, учениците и родителите го доживуваат училиштето и како стимулативна, поттикнувачка и инклузивна средина, која поттикнува интерес за учење кај секој ученик. Училиштниот простор во училиштето е естетски уреден за што постои и училишна комисија, а визуелните и пишаните материјали кои се изложени меѓу другото, го отсликуваат и мултикултурализмот на републиката. Наставниците редовно ги изложуваат разните трудови и изработки на учениците на видни места во училниците и ходниците во училиштето при тоа земајќи ги предвид различните афинитети и способности на учениците односно, водејќи сметка секој ученик да добие еднаква можност за изложување на трудот или изработката. Ваквите изложени трудови наставниците редовно ги менуваат во согласност со целите на наставата. Со цел, во што поголема мера да се запазат естетските норми, училиштето набави и нови паноа и истите беа уредно поставени во училишните ходници. Исто така, училиштето има и своја веб страна на која редовно се прикачуваат фотографии од разни ученички трудови и изработки со цел поголема промоција на истите.
Во согласност со просторните капацитети во училниците, наставниците се трудат во голема мера да им обезбедат на

учениците слободен пристап до различни материјали за учење, нагледни средства и помагала.За таа намена, во голем број од училниците постојат различни катчиња во одделенската настава , опремени кабинети во предметната настава, како и училишна библиотека која во континуитет го збогатува книжевниот фонд во училиштето.

***Атмосфера за учење***

На почетокот на учебната година, наставниците ги уредуваат своите училници трудејќи се да создадат што попријатна атмосфера за учење и напредок. Пред самиот почетокот на учебната година, Комисијата за естетско уредување заедно со стручните служби и директорот, вршат увид во соодветната уреденост на училниците и даваат свои препораки за збогатување на истата, со цел ентериерно и екстериерно да се задоволат барањата на учениците во согласност со капацитетите на училиштето. Дополнително, наставниците посетуваат голем број обуки, предавања и работилници за да ги збогатат своите знаења, вештини и техники за тоа како да го направат интересен материјалот кој се изучува за учениците, на истите да им дадат можност самостојно да го поврзат со сопственото секојдневие и да ја увидат корисноста и применливоста на она што го изучуваат како подготовка за живот и активно учество во нашето демократско, граѓанско и мултикултурно општество. За време на часовите, наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Со цел „Јакнење на критичкото мислење кај учениците“, наставниците во континуитет посетуваат обуки и работилници по што ги имплементираат стекнатите знаења во своите подготовки односно во реализација на часовите. Исто така, наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици и се трудат истите да бидат што помалку забележани туку, напротив, да се истакнат позитивните страни и истите да бидат во голема мера забележани од соучениците. За надминување на слабите страни кај учениците, наставниците редовно одржуваат дополнителна настава, а за што поголемо истакнување на нивните позитивни страни се одржува додатна настава.

***Поттикнување на учениците за преземање одговорност***

Наставниците се залагаат и ги поттикнуваат учениците да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Во тој контекст во повеќето училници на видно место се истакнати правата и одговорностите на учениците и редовно се дискутира на овие теми на голем број од часовите, а посебно на часот на одделенската заедница . Исто така, наставниците посетуваат обуки, предавања, работилници со цел да ги надградат своите педагошки вештини за тоа како да го поттикнат критичкото мислење на учениците, да го сведат на минимум меѓуврсничкото насилство, да ги поттикнат да водат грижа за сопствените одлуки и постапки итн. а потоа своите знаења ги имплементираат на часовите во директна комуникација со учениците и преку конкретни активности.

Дека мислењето на учениците сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето најмногу сведочи активната работа на Ученичката заедница каде тие на најдиректен начин имаат можност да иницираат активности, донесуваат сопствени одлуки и да преземаат различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата). Ученичката заедница има изготвено сопствена Програма за работа, редовно ги одржува состаноците а одговорниот наставник води уредна евиденција за сите реализирани активности. Стручните соработници исто така, редовно присуствуваат на состаноците на Ученичката заедница, одржуваат презентации и работилници и даваат целосна поддршка.

***Интеракција меѓу учениците***

Наставниците водат грижа за социо-емоционалниот развој на учениците и за нивната меѓусебна интеракција. Во тој контекст преку разни содржини, проекти и разни форми на работа ја поттикнуваат, мотивираат и поддржуваат соработка

меѓу учениците и даваат свој допринос во зголемувањето на нивните социјални вештини. На дел од наставните часови, а особено на часовите на одделенската заедница наставниците промовираат содржини и проблемски ситуации во кој треба да се негува културната комуникација, сочувството, емпатијата,почитувањето на туѓото мислење и различностите ,а потоа ваквите содржини индирекно се имплементираат во секојдневниот живот на учениците во нивната меѓусебна комуникација и истите доследно се почитуваат. Наставниците  планираат и реализираат  различни заеднички проекти за учениците, во реализацијата на самите наставни часови, како и во реализацијата на домашните задачи односно, надвор од наставата, во различни хетерогени групи и парови. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни  во паралелките и училиштето.Исто така, во училиштето постои и успешно работи и клубот за учење и дружење „Блесок“ чија цел е меѓусебна помош и поддршка, заедничко учење и соработка на учениците односно, подобрување на меѓусебната интеракција.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

**Теми**

- ✓ ***Идентификување на образовните потреби на учениците***
- ✓ ***Почитување на различните потреби на учениците во наставата***

**Извори на податоци**

Пофалници, дипломи, елаборати од истражувачки активности на учениците, ученички портфолија, програма за работа и извештаи од ученичка заедница, извештаи од учество на натпревари, дневни подготовки, аписници од стручни активи, контролни и писмени работи, евиденција од додатна и дополнителна настава, тестови на општи и специфични способности, записници од состаноци и консултации со инклузивниот тим, листи за идентификација на ученици со потешкотии во учењето, прилагодени програми, дневни подготовки и активности за ученици со ПОП

**Добиени податоци**

***Детектирање на образовните потреби на учениците***

Наставата се организира така да учениците се активни учесници во воспитно- образовниот процес со уважување на нивните индивидуални способности. За таа цел во училиштето се врши идентификација на образовните потреби на учениците во која активно учествуваат како наставниците така и стручните соработници и инклузивниот тим кои уште при уписот на деца во прво одделение вршат идентификација  на ученици кои имаат потешкотии, а потоа преземаат соодветни

активности со кои се овозможува нивно надминување.
Наставниците редовно одржуваат часови по дополнителна настава а во соработка и консултација со инклузивниот тим и стручните соработници ги прилагодуваат своите програми согласно индивидуалните можности и способности на учениците планирајќи и применувајќи индивидуализиран пристап во работата, модифициран пристап, пристап за општа поддрша на учениците со потешкотии во учењето или диференцирани цели.
Од друга страна, во согласност со политиката на училиштето, сериозно се води сметка и за надарените ученици кои се поттикнуваат во што поголема мера да ги истакнат своите способности. Тоа се огледува преку редовно одржување на часовите по дополнителна настава, разните литературни и ликовни творби од учениците кои се изложуваат во училиштето , преку практичните изработки во витрините во училишните холови и кабинетите, добиените награди и пофалници кои ги красат ѕидовите на училишните ходници и учеството на учениците на разни конкурси и натпревари како и нивните високо освоени места на истите.

***Почитување на различните потреби на учениците во наставата***

Наставниците постојано користат разни техники и стратегии како би го поттикнале и надградиле учењето на учениците со различни способности, афинитети и стилови на учење . За таа цел посетуваа голем број обуки, семинари, работилници, посетуваат отворени и нагледни часови на стручните активи и редовно се консултираат со стручните соработници и директорот.Во училиштето континуирано се следи напредокот и постигањата на учениците од страна на наставниците, стручните соработници и инклузивниот тим и доколку се идентификуваат одредени потешкотии во процесот на учење се преземаат конкретни активности за нивно надминување. Во наставниот процес се почитуват индивидуалните потреби на учениците и согласно тоа се применуваат содветни наставни форми и методи на учење, се прилагодуваат програмите и активностите за учениците со ПОП, се изготвуваат модифицирани програми, програми за општа поддршка, се применува диференциран пристап на работа и се задаваат задачи со различно ниво на сложеност се со цел усвојување на наставните содржини од страна на учениците на начин кои им овозможува да научат најмногу што можат. Исто така, според потребите и способностите на учениците се организира дополнителна и додатна настава како и слободни ученички активности и воннаставни активности за кои родителите се навремено информирани. Учениците се вклучуваат и во работата на различни проекти и работилници во и надвор од наставата, при што се применува разни форми на работа ( индивидуална, групна или работа во парови). Преку активно вклучување на учениците на самите часови согласно таксономијата на Блум, преку нивното креативно и критичко размислување, како и преку редовните состаноци на Ученичката заедница, учениците не само што донесуваат заклучоци и искажуваат лични ставови во врска со учењето, туку превземаат и лична одговорност.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

**Теми**

- ✓ ***Училишна политика на оценување***
- ✓ ***Методи, форми и инструменти на оценување***
- ✓ ***Користење на информациите од оценувањето во наставата***

**Извори на податоци**

Програма за работа на училиштето, правилник за оценување на напредокот на учениците, интерен правилник за оценување, усогласени стандарди и критериуми за оценување, примери на оценети трудови на учениците, контролни и писмени работи, евидентни листови за успехот и поведението, записници од стручни активи и наставнички совети, етички кодекс за оценување прифатен од родителите,наставниците и ученици, инструменти за следење на наставен час, критериуми за оценување и стандарди за постигањата на учениците кои се усогласени на ниво на училиште, распоред за додатна и дополнителна настава, евиденција на наставниците за остварени средби и соработка со родителите, записници од работата на тимот за училишна интеграција-ТУИ.

**Добиени податоци**

***Училишна политика за оценување***

Училиштето има изготвено интерен правилник за оценување со усогласени стандарди и критериуми со кој учениците и родителите се целосно запознати уште на почетокот на секоја учебна година преку родителските средби и Советот на родители.

Во училиштето е изготвен и прифатен етички кодекс за оценување на постигањата на секој ученик според образовните потреби, од страна на наставниците, родителите и учениците, кој целосно се почитува.

Напредокот на учениците се следи преку формативно и сумативно оценување со тоа што успехот на учениците од прво до трето одделение деветгодишно образование се евидентира описно во сите класифкациони периоди, од четврто до шесто одделение согласно новите измени во Законот за образование кои стапија на сила од учебната 2019/2020година (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) според член 138, учениците бројчано се оценуваат само на крајот на учебната година, додека во останатите класификациони периоди оценувањето за учениците е описно, а учениците од седмо до деветo одделение во сите класификациони периоди се оценуваа бројчано.

***Методи и форми на оценување***

Наставниците користат различни форми, методи и техники на оценување и тоа: усмени одговори, контролни и писмени работи, проектни активности, водење портфолија итн., и континуирано го следат и евидентираат напредокот на учениците. Исто така, често ги вклучуваат и учениците преку самооценувањето, меѓусебното оценување и слично. При користењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците, на истите им се овозможува да ги подобрат своите постигања, а наставниците добиваат можност за согледување на евентуалните пропусти и подобрување на идните планирања и реализација на воспитно-образовниот процес. Без разлика на начинот и формата на оценувањето, наставниците ја запазуваат транспарентноста, преку редовна усна и пишана повратна информација проследена со конкретни насоки за подобрување на успехот на учениците. При оценувањето на учениците со ПОП, наставниците ги вреднуваат нивните знаења и постигнувања на начин кој е утврден во нивниот ИОП (индивидуален

образовен план). Со цел да се овозможи поголем континуитет во оценувањето, наставниците уредно водат ученички портфолија.

Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците, дават насоки и поддршка и помагаат во изготвувањето на објективни тестови на знаења.

***Користење на информациите од оценувањето во наставата***

Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата особено на часовите на одделенската заедница. Исто така, тие редовно ги информираат родителите за успехот на нивното дете преку индивидуалните средби и преку редовното евидентирање на оценувањето во е-дневникот преку кој родителите имаат увид за успехот на сопственото дете. Наставниците редовно одржуваат часови по дополнителна настава и даваат насоки како на учениците, така и на нивните родители за активностите што треба да се преземат со цел да го подобрат сопствениот успех и постигнувања. Од друга страна, наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и унапредат планирањето на наставата **.**

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

### Теми

✓ ***Известување на родителите за напредокот на учениците***

### Извори на податоци

Педагошка евиденција и документација, одделенски дневници, евиденција на наставниците за остварени средби и соработка со родителите, интерни акти /кодекси на училиштето, инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето и напредокот на учениците, анкети и интервјуа со родители, електронски дневник

***Известување на родителите за напредокотна учениците***

Училиштето има утврден систем за известување и информирање на родителите за напредокот на нивните деца. На почетокот на учебната година се информираат за термините за приемни денови на секој наставник еднаш неделно ,термините за отворени денови еднаш месечно и редовните родителски средби после завршување на секој класификационен период.

Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентни информации на родителите и учениците за оценката со препораки за подобрување на постигањата на учениците. За напредокот и постигнатите резултати учениците се информираат од одделенските раководители и предметните наставници писмено и усмено, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби, увидот во ученичкото портфолио како и по електронски пат ( Е дневник) и СМС пораки. На крајот на секој класификационен период одделенските наставници и одделенските раководители изготвуваат евидентни листи со информации за успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение. Учениците од прво до трето одделение описно се оценуваат во сите класификациони периоди, додека од четврто до шесто одделение (согласно новите измени во Законот за основно образование од учебната 2019/2020 година) учениците се оценуваат описно на крајот на сите класификациони периоди освен на крајот на учебната година кога оценувањето е бројчано . Останатите ученици, од седмо до девето одделение, бројчано се оценуваат во сите класификациони периоди.Евидентните листи содржат и информации за социјализацискиот развој на учениците, редовност и нивното поведение. Согласно законот за основно образование и интерните акти и кодекси на училиштето за учениците кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето или отсуствуваат од наставата, се организира дополнителна настава од предметниот наставник или одделенскиот наставник и за реализација на истата се информирани и ученикот и родителот –старателот од кој е добиена согласност за присуство на ученикот на дополнителните часови во закажаните термини.За учениците кои не ги извршуваат обврските и ги повредуваат правилата на воспитно –образовната работа се применуваат педагошки мерки. За учениците на кои што им е изречена педагошка мерка, директорот на училиштето формира тим за поддршка кои ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. За родителите -старателите чии што деца во текот на учебната година во континуитет имаат три и повеќе негативни оцени ,имаат направено повеќе од 10 неоправдани изостаноци ,се недисциплинирани, учествуваат во тепачки или други форми на насилство, покажуваат асоцијално, неетичко, неморално однесување или имаат навредлив однос кон наставниците и вработените во училиштето, родителите се повикуваат на советување по писмен пат . За учениците кои се истакнуваат со своето знаење се организира додатна настава и за присуство на тие часови се информира родител -старател. Учениците кои постигнале натпросечни резултати во наставните и вoннаставните активности се пофалени односно наградени, а родителот е информиран од комисијата и од раководителот на паралелката. Исто така, родителите на децата со посебни образовни потреби редовно се информираат за напредокот и постигнатите цели испланирани според ИОП и учествуваат во ревидирање на целите што нивните деца треба да ги постигнат.

| Прашалник за наставници | Анкетирани вкупно 58 наставници : машки-7 и женски- 51 |
|---|---|
| -На тврдењето : „Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува“ наставниците одговориле: се согласувам 55 (94,8%), делумно се согласувам 2 (3,4%) , а не се согласувам 1 ( 1,8 %).<br>-На тврдењето: „ Во училиштето се применува ИКТ технологија во наставата “ наставниците одговориле: се согласувам 54 (93,1%), делумно се согласувам 3 (5,2%), а не се согласувам 1 (1,7%)<br>-На барањето: „Наведете предлози за подобрување на воспитно- образовниот процес во училиштето“ :<br>најголем број од нив (6) одговориле дека се потребни подобри просторни услови по различни критериуми (кабинети за наставниците, гардероби во спортските сали, дополнителна сала, катчиња за учениците, просторија за прием на родители, (3) одговориле дека е потребно поголемо вклучување на родителите во работилници и обуки од разни теми ,(3) одговориле дека е потребно намалување на бројот на ученици на максимум 15, (3) одговориле дека е потребно намалување на административната работа на наставниците, (2) одговориле дека е потребно повеќе смарт табли и икт-технологија, (2) одговориле дека се потребни повеќе обуки за наставниците,(2) одговориле дека е потребно следење на сите насоки за подобрување на воспитно-образовниот процес,(1) одговорил дека е потребно доследно спроведување на кодексот на однесување на учениците, (1) одговорил дека е потребно повеќе практична работа со учениците, настава во природа, истражувачка работа, (1) одговорил дека се потребни повеќе обуки со учениците за борба против насилство и булинг, (1) одговорил дека е потребно зголемување на платите, (1) одговорил дека е потребна промена на програмите од МОН и БРО како и редовна испорака на учебници, (1) одговорил дека е потребно укинување на печатењето на електронскиот дневник, (1) одговорил дека е потребна поголема тимска работа, (1) одговорил дека е потребна поголема поддршка од социјалните служби, (1) одговорил дека е потребна поголема размена на добри практики во образовниот и воспитниот процес | |
| **Прашалник за ученици** | **Анкетирани вкупно 111 ученици : машки- 46 и женски- 65** |
| -На тврдењето: „ Од наставниците добивам совети како најефикасно да учам“ учениците одговориле: се согласуваат 75 (67,6%) , делумно се согласуваат 27 (24,3%) , не се согласуваат 9(8,1 %).<br>-На тврдењето: „ Наставниците не пофалуваат, ги истакнуваат нашите успеси и позитивно ги вреднуваат“ учениците одговориле: се согласувам 85 (76,6%), делумно се согласувам 18 (16,2%), не се согласувам 8 (7,2%).<br>-На тврдењето: „Домашните задачи кои ни ги задаваат наставниците ми помагаат за полесно совладување на наставните содржини“ ги дале следниве одговори: се согласувам 77 (69,4%), делумно се согласувам 23 (20,7%), не се согласувам 11 (9,9%).<br>-На тврдењето: „Наставниците користат најразлични постапки за оценување на моите знаења“ одговориле: се согласувам 84 (75,7%), делумно се согласувам 21 (18,9%) и не се согласувам 6 (5,4%).<br>-На барањето: „ Наведете предлози за подобрување на воспитно- образовниот процес во училиштето“:<br>најголем број од нив (11) ученици одговориле дека сакаат повеќе активности, практична настава, поголема | |

| | |
|---|---|
| интерактивност,посети на знаменитости (9) ученици одговориле дека сакаат повеќе разговори и поголема отвореност со наставниците и стручните соработници, (8) одговориле дека се потребни поригорозни педагошки мерки или пак поинакви педагошки мерки, (6) одговориле дека се потребни повеќе активности и работилници за превенција од дискриминација и насилство или за соодветно однесување на учениците, (4) одговориле дека учениците треба да го подобрат однесувањето, учењето или дисциплината, (2)- повеќе работилници за врсничко насилствои дискриминација во кои би биле вклучени родителите, (2)- повеќе часови за дополнителна настава, (2)- да не се толку строги наставниците, (1)- да не се форсира меѓуетничката соработка и МОН да изготви нова програма само за потребите на РСМ, (1)- помал број на ученици во паралелката, (1)-да има повеќе начини за да се оценат учениците, (1)- да има комјутери во училниците и повеќе/подобра ИКТ технологија, (1)-На скалите да ја пишува таблицата множење, кога ќе се отвара вратата да покажува под кој агол е отворена вратата, (1)- во библиотека да има повеќе литература на странски јазици | |
| **Прашалник за родители** | **Анкетирани вкупно 157 родители: машки-31 и женски-126** |
| -На тврдењењто: “ Обемот на домашните задачи одговара на возраста на моето дете” родителите одговориле: се согласувам одговориле 115 (73,2%), делумно се согласувам 36 (22,9%), а не се согласувам 6 ( 3,9%).<br>-На тврдењето: „ Родителите имаат можност целосно да го следат напредокот и редовноста на учениците“ добиени се следниве одговори: се согласувам 140 (89,2%), делумно се согласувам 14 (8,9%) и не се согласувам 3 (1,9%). | |

## Заклучок

| |
|---|
| Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование, меѓуетничките како и еколошките содржини во планирањата на наставниците.<br>Наставниците изготвуваат годишни, тематски и оперативни планови, како и индивидуални планови за деца ПОП во зависност од нивните способности и во консултација со инклузивниот тим и стручните соработници, изготвуваат модифицирани програми, програми за општа поддршка како и диференцирани цели во самите оперативни планови за децата со потешкотии во учењето.Покрај редовната настава, наставниците редовно ја планираат и додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности, слободните активности и уредно ги документираат доказите од истата. Исто така, наставниците планираат и задаваат домашни задачи согласно даденото упатство од страна на БРО.<br>Во рамките на стручните активи наставниците посетуваат отворени и нагледни часови, дискутираат за актуелни и тековни програми и проектни активности и разменуваат искуства и идеи. |

Наставниците континуирано стручно се усовршуваат и изготвуваат личен план за професионален развој поткрепен со извештаи и докази. За таа цел, училиштето континуирано обезбедува поддршка за подобрување на професионалните компетенции на наставниците преку посета на семинари и обуки одржани од страна на БРО и релевантни институции. Исто така, училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот и ги идентификува потребите за истиот преку спроведување на анкети, а согласно можностите дава и финансиска подршка.

За реализација на наставната програма наставниците применуваат разновидни наставни форми, методи и техники на учење и поучување со цел активно учество на учениците во процесот на стекнување знаења, развивање критичко мислење, вештини за соработка и комуникација и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот.

Во училиштето од учебната 2022/23 има нов кабинет по информатика опремен со 16 компјутери кои се функционално мрежно поврзани.Исто така, училиштето согласно потребите за реализацијата на наставата според новата концепција во образованието во континуитет се снабдува со нови смарт табли и помагала за непречено одвивање на наставата и сега располага со 13 смарт табли,28 ЛЦД проектори и 4 МИМИО уреди, 7 смарт телевизори, 62 лаптопи, 4 персонални компјутери за стручните соработници и 10 персонални комјутери за наставници. Наставниците се обучени за примена на ИКТ во наставата и применуваат апликации и едукативни образовни софтвери ( Edmodo, Quizizz, Learning App, Teams, Едуино, Добри практики за планирање и реализација на наставна содржина со примена на КРРП, Mathigon) .

Наставата се реализира со примена на интерактивни методи кои поттикнуваат активно учество на учениците во наставниот процес.Наставниците редовно ги запознават учениците со целите на часот во секоја фаза од учењето и истите се јасно поставени и разбирливи за сите ученици.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето пред се како безбедна средина, а тоа се должи на поставувањето на повеќе видео-камери во училиштето, обезбедувањето односно, вработувањето на лице одговорно за заштита и сигурност на учениците и вработените во училиштето како и дежурствата на наставниците. Исто така, учениците и родителите го доживуваат училиштето и како стимулативна, поттикнувачка и инклузивна средина, која поттикнува интерес за учење кај секој ученик. Во училиштето континуирано се следи напредокот и постигањата на учениците од страна на наставниците, стручните соработници и инклузивниот тим и доколку се идентификуваат одредени потешкотии во процесот на учење се преземаат конкретни активности за нивно надминување. Во наставниот процес се почитуват индивидуалните потреби на учениците и согласно тоа се применуваат содветни наставни форми и методи на учење, се прилагодуваат програмите и активностите за учениците со ПОП, се изготвуваат модифицирани програми, се применува диференциран пристап на работа и се задаваат задачи со различно ниво на сложеност.

Наставниците користат различни форми, методи и техники на оценување, а често ги вклучуваат и учениците во процесот на оценување преку самооценувањето, меѓусебното оценување и слично. При користењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците, на истите им се овозможува да ги подобрат своите постигања, а наставниците добиваат можност за согледување на евентуалните пропусти и подобрување на идните планирања и реализација на воспитно-образовниот процес. Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентни информации на родителите и учениците за

оценката со препораки за подобрување на постигањата на учениците.За напредокот и постигнатите резултати учениците се информираат од одделенските раководители и предметните наставници писмено и усмено, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби, увидот во ученичкото портфолио како и по електронски пат ( Е дневник) и СМС пораки.

***Силни страни***

- ✓Наставниците редовно и навремено изготвуваат годишни, тематски и оперативни планови, редовно и во согласост со потребите на учениците изготвуваат и индивидуални образовни планови за деца ПОП, како и модифицирани и програми за индивидуална попддршка на учениците со потешкотии во учењето.
- ✓Училишниот инклузивен тим креира политика за успешна инклузија на учениците со посебни потреби.
- ✓Во училиштето се планира и континуирано се следи професионалниот и кариерен развој на наставниците и стручните соработници
- ✓Наставниот кадар во училиштето професионално се усовршуваше преку посета на семинари и обуки, работилници, конференции, трибини..
- ✓Училиштето располага со потребните наставни средства и материјали кои континуирано се обновуваат согласно потребите во наставата.
- ✓Обемот на домашните задачи е соодветно планиран од старана на наставниците согасно упатството за начинот и формата на подготвување , планирање , задавање , реализирање и следење на домашните задачи, истите одговараат на возраста на учениците и им помагаат полесно да си совладаат содржините кои се изучуваат.
- ✓Наставниците користат различни форми и методи при оценувањето на учениците.
- ✓Наставниците редовно ги поттикнуваат и мотивираат учениците, ги вреднуваат нивните успеси и им даваат најразлични совети за поголема ефикасност во учењето.
- ✓Наставниците транспарентно и редовно ги информираат родителите за успехот, редовноста и поведението на нивното дете.

***Слабости***

- ✓ Недостасуваат повеќе практични активности за учениците, посета на знаменитости, настава надвор од училниците.
- ✓ Недоволен број на заеднички работилници и активности со родители, ученици и наставници на разни теми, а посебно на темата насилство и дискриминација.
- ✓ Недостасува примена на асистивна технологија во наставата со ученици со ПОП.

## Приоритетни подрачја

- ***Организирање заеднички работилници и настани за ученици, родители и наставници***
- ***Опремување на сите училници во училиштето со смарт табли***
- ***Воведување на современа образовна асистивна технологија во работата со учениците со попреченост и подготовка на наставниот кадар за примена на истата***

# 4.Поддршка на учениците

**Индикатори за квалитет**

- 4.1 Севкупна грижа за учениците
- 4.2. Здравје
- 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
- 4.4 Следење на напредокот

**Работна група**

1. Басотова Слободанка-одговорна
2. Радица Стоилковска
3. Елизабета Каранфиловска
4. Розета Филькова
5. Тоше Трајковски
6. Анита Костадинова
7. Елица Милошевска
8. Лилјана Трајкова
9. Марина Грамова

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

- ✓ ***Заштита од физички повреди и елементарни непогоди***
- ✓ ***Превенција од насилство***
- ✓ ***Заштита од пушење, алкохол и дрога***
- ✓ ***Квалитет на достапна храна***
- ✓ ***Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост***
- ✓ ***Грижа за учениците од социјално загрозени семејства***
- ✓

### Извори на податоци

Годишна програма за работа на училиштето, куќен ред, правилник за организација и систематизација на работата и работните места, записници од органите на училиштето, записници од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците, записници од училишниот инклузивен тим, записник од извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација, потврда за примени вакцини, списоци од систематски прегледи на вработените и учениците, санитарни книшки на вработените, педагошка психолошка евиденција, педагошка евиденција и документација, досие на ученик, педагошка документација, список на дежурства на наставниците, одделенски дневници, евиденција од дежурствата на учениците на главниот влез на училиштето, евидентна книга со записници од дневни дежурства, правилници, протоколи, евиденција од работа со ученици со ПОП, ученичко портфолио, евиденција од следење на вакцинации, систематски прегледи, стоматолошки прегледи и извештаи од работилници.

### Добиени податоци

Училишниот простор(внатрешен и надворешен) е безбеден за изведување настава. Училиштето има обележани стрелки за правци на движење низ училиштето, како и посебно обележан простор за движење со велосипед на главниот влез во училиштето.Има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот и итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите опасни места кои не можат да се избегнат се посебно означени или оградени. Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, ПП апарати редовно и навремено се сервисираат, постои заземјување кое тековно се

проверува  отпорноста, изготвени се планови за постапување и евакуација при земјотреси и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот. Редовно се изведува симулациона вежба за евакуација при елементарна непогода и во истата учествуваат сите вработени и сите ученици. Училиштето има изготвен план за евакуација. Во училиштето постои  Клуб за едукација на учениците во чии рамки се изведуваат едукативни предавања и работилници од различни области како што се: грижа за здравје, солидарност, хуманитарност, крводарителство, прва помош. Во училиштето има сертифицирани и обучени наставници за укажување прва помош и наставниците и технички персонал кои сертифицирани за ракување со ПП апарат. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство. Изготвен е Акционен план за превенција од насилство, протокол на постапките при насилство како и кодекси на однесување на вработените и учениците и куќен ред на училиштето и истите се  достапни за сите. Вработените ја знаат својата улога и одговорност  во процесот на заштита на децата и водат грижа за нивните права и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно, со родителите, стручните соработници а по потреба и со релевантни институции (ЦСР-Скопје. и СОС Детско село-Македонија) . Ретките конфликти кај учениците кои се јавуваат во училиштето  се надминуваат преку разговорите со одeленските раководители, родителите, стручните соработници, предметните наставници и други институции. Училиштето има програма за превенција од насилно однесување, како и постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Од учебната 2020/21 е формиран и Тим за заштита на учениците од насилство во состав директор, стручни соработници и наставници задолжен за креирање политики и стратегии за намалување на појавите на насилство во сите негови форми, заштита од дискриминација и занемарување кој редовно ја следи и ги спороведува стратегиите за намалување на било која форма на насилство. Со учениците од осмо одделение беа одржани едукативни работилници на тема “Насилство во училиште“  Работилниците беаше одржана од страна на стручните соработници. Нашето училиште е вклучено во кампањата „Крени глас против врсничко насилство“ во организација на компанијата „МАКПЕТРОЛ“. Како дел од кампањата во нашето училиште беа реализирани психолошки работилници со учениците од VI до IX одделение од страна на надворешни стручни лица , психолог/психотерапевт и специјален едукатор и рехабилитатор во соработка со стручните соработници во училиштето. Целта на работилниците е да се подигне свеста за негативното влијание на булингот и да се охрабрат учениците отворено да зборуваат за врсничкото насилство. Клубот за превенција во рамките на проектот „Безбедност во училиштата “ има за

Цел: подобрувањето на севкупната и лична безбедност на учениците во училиштето, намалување на сите облици на насилство помеѓу учениците, како и градење на доверба меѓу учениците и полицијата и развивање на меѓусебната соработка.

Училиштето соработува со Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ проограмата  „Мировно образование“ во рамки на која беше реализиран „Форум театар за превенција од насиластво“. Преку низа работилници и активности во училиштето се промовира Конвенцијата за правата на децата: Согласно добиеното мислење за обезбедување поддршка од образовен/личен асистент од Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), а на барање на родителот, до посебното ОУРЦ „Иднина“ се поднесени  барања за обезбедување образовни асистенти за  учениците со посебни образовни потреби.

Тимот за професионален развој посети обука реаизирана од страна на Бирото за развој на образованието на тема „Спречување и борба против трговија со деца“ и извршена е дисеминација на истата со ученици, родители и наставници, а

чија цел е идентификување на деца потенцијални жртви на трговија.

Во училиштето секоја учебна година се организира свечен прием на учениците во детската организација на РМ.

Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол, забрана за дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци. Во училиштето учениците самостојно изготвуваат симболи за забрана за пушење и истите покрај другите се поставени на видни места. Преку организирани предавања од страна на Црвениот Крст и МВР „За борба против зависности“ училиштето настојува да спречи користење на цигари, алкохол и наркотични супстанции.

Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците. Учениците во училиштето добиваат топол оброк и ужина секој ден. Најмалку два пати во едно полугодие се доставуваат примероци од храната за испитување во институција надлежна за утврдување на квалитетот на храната, а воедно и претставници на комисија од членови од Совет на родители ја следат работата на училишната кујна. Училиштето го почитува правилникот за исхрана пропишан од страна на Министерството за образование и наука. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Користејќи соодветни наставни содржини наставниците им обрнуваат внимание на учениците за значењето на здравата исхрана и нејзино конзумирање.

За успешно спроведување на инклузивното образование и согласно Законот за основно образование член 16 став 2 во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим кој согласно својата програма за работа креира политика за успешна инклузивна култура и пракса, дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби во текот на целата учебна година и ги детектира потребите на наставниот кадар за професионален развој. Согласно добиеното мислење за обезбедување поддршка од образовен/личен асистент од Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), а на барање на родителот, до посебното основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ поднесени се барања за обезбедување образовни асистенти.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со физичка попреченост, за грижа за учениците од цоцијално загрозени семејства, за организирање настава во домашни услови за учениците кои поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава и др. Пристапот во училиштето на два од влезовите е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, но нема гелендер и настрешница. Просторот во ходниците и училниците овозможува нивно движење,нема скалишни рампи и не постои тоалет и лифт прилагоден на нивните потреби.

Во училиштето се изготвува програма за грижа за учениците од социјален ризик и согласно процедурата се обезбедува превоз, училишен прибор, бесплатен топол оброк и бесплатни посети на екскурзии, музеи, театри за учениците од социјално загрозените семејства. Во соработка со локалната заедница – општина Гази Баба за истите ученици се води грижа преку соработка со Центарот за социјална работа, СОС Детското село Македонија –ресурсен центар и други невладини организации. Училиштето во соработка со родителите организира разни хепенинзи и хуманитарни акциии и собраните средства ги донира во добротворни цели за социјално загрозени семејства. Помладокот на Црвениот Крст на училиштето и Клубот за едукација и превенција поттикнати од проблемот со глобалната сиромаштија и недостатокот на храна редовно се вклучуваат во Кампањата на Црвениот Крст на Македонија по повод 16 Октомври-Светскиот ден за борба против гладта под мотото „Помислете и на нас“ за помош и поддршка на социјално загрозените

семејства преку хуманитарна акција за собирање храна.
Училишниот „Клуб за едукација и превенција“ на Црвениот Крст на РМ, ја одбележува Неделата на хигиенизација под мотото „Хигиената-лична одговорност за колективно здравје“. На учeничките од петто одд.им се презентира работилница за интимна лична хигиена како и производи „Always“-Procte&Gamble“презентаторсо психолошко,медицинско или педагошко образование-МОН.На сите ученици од прво до деветто одделение им се презентира едукативен материјал чија цел е да ја промовира хигиената кај младата популација, да ја зголеми свеста за јавното здравје и да укаже на важноста од превенција од заразни болести поврзани со лошите хигиенски навики.

## 4.2 Здравје

### Теми

- ✓ ***Хигиена и заштита од болести***
- ✓ ***Грижа за ученици со здравствени проблеми***
- ✓ ***Грижа за ученици со емоционални тешкотии***

### Извори на податоци

Годишна програма за работа на училиштето, куќен ред, правилник за организација и систематизација на работата и работните места; записници од органите на училиштето; записници од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците; записници од инклузивниот тим; записник од дезинфекција, дезинсекција и дератизација; потврда за примени вакцини; списоци од систематски прегледи на вработените и учениците; санитарни книшки на вработените; педагошка психолошка евиденција; педагошка евиденција и документација; досие на ученик, педагошка документација, список на дежурства на наставниците, одделенски дневници, евиденција од дежурствата на учениците на главниот влез на училиштето, евидентна книга со записници од дневни дежурства, правилници, протоколи, евиденција од работа со ученици со ПОП и изготвени ИОП-и, ученичко портфолио, евиденција од следење на: вакцинации, систематски прегледи, стоматолошки прегледи и работилници

### Добиени податоци

Во училиштето се води грижа за хигиената, особено за тоалетите кои ги користат учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето. Истите секојдневно се дезинфицираат како и санитариите во нив. Хигиената е на високо ниво како во училниците така и во ходниците, по скалите и во сите други простории во училиштето. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена, останатиот

мебел во училницата барем еднаш во текот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар генерално се чистат по два пати во секое полугодие. Училишниот двор и сите земјени и тревни површини редовно се одржуваат од страна на техничкиот персонал и хаусмајсторот, но и од учениците од сите паралелки кои имаат определен дел кои сами го чистат еднаш месечно.Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи и едуцира учениците да ги фрлаат отпадоците во корпите. Во училиштето редовно се води евиденција за отсуствата на учениците,. Флаери и постери со информативни и едукативни содржини се истакнати на видни места во училниците и ходниците во училиштето. Училиштето постапуваше според сите дадени напатствија и се вршеше дезинфекција проветрување и чистење на просториите од училиштето. Училиштето има програма за превенција од заразни болести и редовно се врши едукација на учениците како да се заштитат од заразни болести, преку предавања, работилници, едукативен материјал, презентации. Во делот на едукацијата се вклучени и родители коишто се по професија здравствени работници...

-Континуирана едукација од Орално здравје- одржани се четири работилници во првите и четвртите одделенија и поделени се флаери, четкички и пасти за заби.

- Прва работилница „Градба и функција на орална празнина“

- Втора работилница „Правилна исхрана и контрола на внес на шекери“

- Трета работилница „Правилна орална хигиена “

-Четврта работилница „Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели“

-Предавања за ширење на заразни болести:грип,хепатит А, сипаници.пертусис... превентива од истите како и последиците кои настануваат при зараза...

Согласно планот и програмата за имунизација,систематски прегледи, беа преземени следните активности:

-Во сите први одделенија во текот на месец декември 2022- 2023 -2024 година се извршени систематски прегледи, а учениците со навршени шест (6) години се ревакцинирани и вакцинирани со MRP,DT и Polio;

-Во вторите и деветтите одделенија во месец декември е извршена вакцинација со DT и Polio;

-Во текот на месеците ноември и декември на редовен стоматолошки преглед и залевање на трајни заби беа учениците од вторите и четвртите одделение.

-За време на првото полугодие од учебната 2023/2024г. единствено беше вршена вакцинација на ученички од седмите одделенија (HPV вакцина), но само оние чии родители потпишаа соглесност

Согласно законската обврска за вакцинирање, во текот на првото полугодие учениците кои не се вакцинирале на претходно закажан редовен термин при систематски преглед, надлежните во соработка со ги повикуваа учениците да се вакцинираат во однапред определени термини и според определен протокол кој е во согласност со општата ситуација и оди во прилог на заштита на здравјето, исто така беа спроведени и уредно реализирани во текот на второто полугодие од учебната -2023-2024 како и редовните систематски прегледи, стоматолошки систематски прегледи и залевања на забите и редовни вакцинации.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители,

здравствените установи, МОН-ПЕ Гази Баба како и со Центарот за социјална работа, хуманитарни организации и со други релевантни институции.Училиштето има  изготвен план за следење на календарот за систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците. Училиштето е во постојан контакт со здравствената установа – амбуланта во населбата.

Во нашето училиште се спроведуваат хуманитарни акции со цел прибирање финансиски средства за оперативно лекување (најчесто во странство) на ученици за кои постои потреба. Ваквите иницијативи се поддржани од родителите, учениците и сите вработени, а со тоа ја покажуваме нашата солидарност и воедно ги воведуваме нашите ученици во светот на хуманоста.

Детектирање на учениците со емоционални потешкотии го прават одделенските наставници уште од прво одделение, односно од најмала возраст. Како најчести причини се наведуваат семејни проблеми(живот со еден родител, губење на еден родител, загуба на личност во семејството со која биле блиски и сл. Понатаму во текот на школувањето, кај учениците со дисфункционално   семејството, отсуство на еден од родителит, развод на родителите, постконфликтни трауми.Училиштето е во постојана соработка со родителите, со кои се водат советодавно консултативни разговари , континуирано се следи успехот и однесувањето на овие ученици со цел да им се олесни учењето , како и емоционално социјалниот развој. Редовно се соработува со  стручни лица од релевантните институции: Завод за ментално здравје, Центарот за социјална работа на град Скопје, Министерство за внатрешни работи.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

### Теми

- ✓ ***Давање  помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, усовршување или вработување***

### Извори на податоци

Програма за професионално информирање и ориентирање на учениците, ученичко портфолио, анализи и информации од спроведени анкети, индивидуални и групни разговори со учениците, резултати од зададени  мерни инструменти, флаери, кокнкурси, писма, презентации, евиденција од советодавна работа на стручните соработници, записници од состаноци  на инклузивниот  тим, евиденција од остварена соработка со локалната заедница (релевантни институции), записници од родителски средби,

**Добиени податоци**

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со струките и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. Согласно програмата за професионалната ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта, нашето училиште работи на ова подрачје тргнувајќи од основната цел на програмата , а тоа е поттикнување на учениците активно да учествуваат во фазниот процесен модел на професионална ориентација, да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирањето на својата кариера.
Процесот на професионална ориентација се реализира низ фазите: самоспознавање, професионално информирање и донесување одлука. За синтетизирање на информациите што ги прибираат и обработуваат низ секоја од фазите учениците водат портфолио (регистар за прибирање на документација за избор на понатмошното образование, односно занимање, кое ќе им помогне на учениците при донесувањето конечна одлука).
Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование. На учениците од деветто одделение им се задава анкета за степенот на нивната професионална информираност и професионална ориентација. Податоците од анкетите и од зададените тестови на општи интелектуални способности овозможуваат да се видат можностите и афинитетите на ученици и соодветно на тоа да се врши нивно професионално насочување.
Нашето училиште редовно ги следи конкурсите за упис во средните училишта. Преку посета на претставници од голем број државни и приватни средни училишта учениците се запознаваат со можностите, условите и критеримите за запишување во прва година средно образование во одредени училишта од градот Скопје. На учениците им се даваат промотивни материјали (летоци, флаери...), со цел подобро да се информираат за воспитно-образовниот процес во одредено средно училиште, а учениците имаат можност да присуствуваат и на трибини, отворени денови, како и посети на средни училишта од градот. Тие имаат достапни информации за одредени средни училишта и на училишната веб страна. За сите овие активности во училиштето од страна на стручните соработници се води уредна документација.
Преку наставниот предмет Иновации учениците се оспособуваат за изработка на кратка биографија, мотивационо писмо, како и со подготовка на интервју за работа со што на учениците им се дава дополнително помош и поддршка во понатамошното образование. Во училиштето се водат информативно консултативни разговори како со учениците, така и со родителите со цел да се олесни и направи правилен избор на занимање согласно интересите и способностите на учениците.

Од страна на стручните соработници (дефектолог, педагог и психолог) се работи и на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби. За учениците со ПОП информациите за нивна професионална ориентација се споделуваат во соработка со родителите. Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, користење промотивни материјали од образовните институции (флаери, трибини, презентации од државните и приватни средни училишта на град Скопје, посета на отворени денови на средни училишта и др.) за професионална информација и ориентација на учениците.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

### Теми

- ✓ ***Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците***
- ✓ ***Анализа на напредокот на учениците по паралелки***

### Извори на податоци

Извештаи и анализи, педагошка евиденција и документација, евиденција на премин на ученици (преведници и др.), записници од разговорите со наставниците и со стручните соработници

### Добиени податоци

Наставниците редовно ги следат постигањата на учениците и транспарентно ги информираат родителите и учениците за успехот со насоки за подобрување на истиот.За напредокот и постигнатите резултати учениците се информираат од одделенските раководители и предметните наставници, писмено и усмено, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби како и по електронски пат ( Е дневник) и преку смс пораки. На крајот на секој класификационен период одделенските наставници и одделенските раководители изготвуваат евидентни листи со информации за успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение. Учениците од прво до шесто одделение се оценуваат описно на крај на сите класификациони периоди, освен на крај на учебната година од четврто,петто и шесто одд се оценуваат бројчано. Евидентните листи освен информации за успехот и поведението содржат информации и за социјализацискиот развој и активностите во кои учествуваат учениците.

Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети. Присутноста, односно редовноста на учениците континуирано се следи и евидентира од страна на предметните и одделенските наставници и стручните соработници.За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат, односно изрекуваат соодветни педагошки мерки.

Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наствата или несоодветно се однесувааат се поканувaат на советување од страна на одделенските наставници и раководители, а советувањето го спроведува психологот на училиштето.

Наставниците редовно изготвуваат извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот на секој класификационен период.Тие извештаи се доставуваат кај раководниот кадар и стручните соработници , а истите се транспарентни и достапни и за родителите и учениците преку веб страната на училиштето.Стручните соработници ги користат овие извештаи за споредбените анализи кои ги изготвуваат за три последни учебни години на крај на секој класификационен период .Во анализите редовно се даваат насоки за понатамошната работа со цел подобрување на воспитно-образовниот процес.

## Резултати од спроведени анкетни прашалници

| **Прашалник за наставници** | Со анкетниот прашалник беа опфатени **58** испитаници од кои **51** се женски, а **7** се машки |
|---|---|

Според обработените податоци собрани од анкетниот прашалник кој што се однсуваше на наставници, добиени се следните резултати во однос на дадените прашања:

-Во училиштето се поттикнува личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците: Не се согласувам одговориле–о наставници; Делумно се согласувам одговориле 7 наставници(2 машки -5 женски)или 12.1%; Се согласувам одговориле 51 наставник(5 машки-46 женски)или 87.9%.

- Учениците од социјално загрозени семејства добиваат континуирана помош и поддршка од страна на училиштето: Не се согласувам одговориле–о наставници; Делумно се согласувам одговориле 7 наставници(1 машки -6 женски)или 12.1%; Се согласувам одговориле 51 наставник(6 машки-45 женски)или 87.9%.

- Во училиштото се планираат и реализираат активности кои придонесуваат за превенција и намалување на појавите на насилно однесување и дискриминација: Не се согласувам одговориле–о наставници; Делумно се согласувам одговориле 6 наставници(о машки -6 женски)или 10.3%; Се согласувам одговориле 52 наставници(7 машки-45 женски)или 89.7%.

| | |
|---|---|
| На прашањето :Во училиштото се планираат и реализираат активности кои придонесуваат за превенција и намалување на појавите на насилно однесување и дискриминација, од вкупно 52 анкетирани наставници,45 женски и 7 машки,не се согласувам одговорил 1 наставник-2%, од кои 0 машки-0% и 1 женско-100%;.делумно се согласувам одговориле вкупно 6 наставници,од кои 1 машко-17% и 5 женски-83%);се согласувам одговориле вкупно 45 наставници-87%,од кои 6 машки-13% и 39 женски-87%. | |
| **Прашалник за ученици** | Со анкетниот прашалник беа опфатени **111** испитаници од кои **65** женски, а **46** се машки |
| Според обработените податоци собрани од анкетниот прашалник кој што се однсуваше на ученици, добиени се следните резултати во однос на дадените прашања:<br><br>-Училиштето превзема активности кои придонесуваат за заштита и унапредување на здравјето на учениците: Не се согласувам одговориле 11 ученици(5 машки-6 женски)или 9.9%; Делумно се согласувам одговориле 33 ученици(14 машки-19 женски)или29.7%; Се согласувам одговориле 67 ученици(27 машки-40 женски)или 60.4%.<br><br>- Во училиштето се спроведуваат активности за одржување и зачувување на здрава животна средина: Не се согласувам одговориле 6 ученици(5 машки-1 женски)или 5.4%; Делумно се согласувам одговориле 20 ученици(7 машки-13 женски)или18.0%; Се согласувам одговориле 85 ученици(34 машки-51 женски)или 76.6%. | |
| **Прашалник за родители** | **Со анкетниот прашалник беа опфатени 157 испитаници од кои 116 женски , а 31 се машки** |
| Според обработените податоци собрани од анкетниот прашалник кој што се однсуваше на родители, добиени се следните резултати во однос на дадените прашања:<br>- Училиштето превзема актиности кои придонесуваат за заштита и унапредување на здравјето кај учениците: : Не се согласувам одговориле 9 родители(1 маж-8 жени)или 5.7%; Делумно се согласувам одговориле 44 родители(11 мажи-33 жени)или28. %; Се согласувам одговориле 104 родители(19 мажи-85 жени)или 66.2%.<br><br>-Учениците од социјално загрозени семејства добиваат континуирана помош и поддршка од страна на училиштето: Не се согласувам одговориле 5 родители(1 маж-4 жени)или 3.2%; Делумно се согласувам одговориле 40 родители(10 мажи-30 жени)или 25.5. %; Се согласувам одговориле 112 родители(20 мажи-92 жени)или 71.3.2%. | |

## Заклучок

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Дел од наставниците се сертифицирани за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, експлозии, опасни материи и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство.Изготвен е Акционен план за превенција од насилство, протокол на постапките при насилство како и кодекси на однесување на вработените и учениците и куќен ред на училиштето и истите се достапни за сите . Училиштето соработува со Првата детска амбасада-Меѓаши и е вклучено во проектот„ Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство.и Мировно образование Училиштето ја промовира Конвенцијата за правата на децата и организира разни активности за унапредување на детските права и спречување на појавите на насилство. Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Учениците во училиштето добиваат топол оброк и ужина за чии квалитет се води посебна грижа со тоа што редовно (повеќе пати во едно полугодие) примероци од храната се испитува во надлежна институција,а и комисија од Совет на родители ја следи работата на училишната кујна. Користејќи соодветни наставни содржини наставниците им обрнуваат внимание за здрава исхрана на учениците. Училиштето има обезбедено пристап за деца со телесни пречки во развојот,но само на еден спореден влез. Во училиштето се води грижа за обезбедување на прибор за работа за учениците од социјално загрозените семејства, обезбедување на бесплатен топол оброк и бесплатни посети на екскурзии, музеи, театри и слично. Во соработка со локалната заедница – општина Гази Баба за истите ученици се води грижа преку соработка со Центарот за социјална работа, СОС Детското село- Македонија – ресурсен центар и други невладини организации... Во училиштето се води грижа за хигиената, особено за тоалетите кои ги користат учениците. Истите секојдневно се дезинфицираат како и санитариите во нив. Училиштето врши следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи, МОН-ПЕ Гази Баба како и со ЦСР. Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, користње на кариерното катче , користење промотивни материјали од образовните институции (флаери, трибини, презентации од државните и приватни средни училишта на град Скопје,посета на отворени денови на средни училишта и др.) за професионална информација и ориентација на учениците. Училиштето има изготвена програма за работа со ученици со емоционални потешкотии, при што се води грижа за социо културниот статус на

семејствата,ситуациии на појава на болест во семејството, отсуство на еден од родителите, социјална негрижа...Со овие ученици и родители советодавно се работи од страна на наставниците и стручните соработници, а доколку е потребно се упатуваат во релевантни институции( ЗМЗ, ЦСР,МВР...) За психичкиот и физичкиот развој на учениците стручните соработници и одделенските наставници добиваат информации од родителите на децата уште при уписот во прво одделение. Исто така, постои јасно дефинирана политика за работа со ученици со посебни образовни потреби за чиј напредок се грижи училишниот инклузивен тим и тимот за инклузија на ученик. Училиштето континуирано води евиденција за поведението на учениците, нивната редовност и успех и истата се користи за подобрување на нивните постигнувања. Ваквите информации редовно им се достапни на сите наставници, родители и ученици.

***Силни страни***

- ✓ Училиштето има изготвен план за евакуација при елементарни непогоди.
- ✓ Во училиштето постои Клуб за едукација на учениците во чии рамки се изведуваат едукативни предавања и работилници од различни области како што се: грижа за здравје, солидарност, хуманитарност, крводарителство, прва помош.
- ✓ Училиштето соработува со Првата детска амбасада - Меѓаши и е вклучено во проектот„ Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство“, „Да гиземеме правата во свои раце“ и „Мировно образование“ Здружението за асистивна технологија „Отвори ги прозорците“-Фондација Песталоци,......
- ✓ Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците и континуирано соработува со одговорното лице од училишна кујна.
- ✓ Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.
- ✓ Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот само еден влез
- ✓ Во училиштето се организираат активности од хуманитарен карактер и собраните средства ги донираат во добротворни цели за социјално загрозени семејства.
- ✓ Во училиштето се почитуваат и реализираат иницијативите кои се предлог на Ученичката заедница –Ученички парламент
- ✓ Редовно се вршат, следат и евидентираат систематските прегледи за здравјето на учениците – задолжителни вакцинации и стоматолошки прегледи за кои се информирани и родителите или старателите.
- ✓ Успешно се соработува со Заводот за ментално здравје, Центарот за социјални работи, хуманитарни организации и со други релевантни институции.
- ✓ Континуирано информирање на родители за здравствената состојба на нивните деца.
- ✓ Постојана соработка на наставниците со стручните соработници во надминувањето на емоционални потешкотиите кај учениците, како и во учењето и однесувањето
- ✓ Следење на професионалните интереси и желби на учениците за нивното понатамошно образование од страна на стручните соработници и водење на ученичко портфолио
- ✓ Редовно анкетирање на учениците од деветто одделение, како и водење на индивидуални и групни разговори за професионална информираност и ориентација
- ✓ Учениците да си помагаат во учењето, пишувањето домашни, дружење и забава во „Клубот за учење и дружење“ „Блесок“

- ✓ Се издава годишен училишен весник „Збор-два – Стив Наумов“ преку кој се афирмира работата на училиштето и постигањата на учениците во наставата и воннаставните активности

***Слабости***

- ✓ Недоволен број технички персонал за одржување на хигиената во училиштето
- ✓ Недостасува дополнителна спортска сала и соблекувални за реализација на предметот физичко и здравствено воспитание
- ✓ Недостасува ресурсна соба за ученици со посебни образовни потреби
- ✓ Недоволна е соработката со локалната самоуправа, со училиштата со ресурсен центар и локалната бизнис заедница

## Приоритетни подрачја

- ✓ ***Спроведување активности за заштита и унапредување на здравјето кај учениците***
- ✓ ***Опремување на ресурсна соба за ученици со посебни образовни потреби***

# 5. Училишна клима и односи во училиштето

**Индикатори за квалитет**

- 5.1 Училишна клима и односи во училиштето
- 5.2. Промовирање на постигањата
- 5.3. Еднаквост и правичност
- 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница

**Работна група**

1. Анетка Трајкова -одговорна
2. Јулијана Печевска
3. Маја Питроповска
4. Виолета Радулова
5. Анета Младеновска
6. Олгица Ристовска
7. Јосиф Шапкалиевски

## 5.1.Училишна клима и односи во училиштето

### Теми

- ✓ ***Углед /имиџ на училиштето***
- ✓ ***Кодекс на однесување***
- ✓ ***Училишна клима***
- ✓ ***Поведение и дисциплина во училиштето***
- ✓ ***Учество на учениците во донесување на одлуки и решавање проблеми***

### Извори на податоци

Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статутна училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; програма и правилник за работа на ученичката заедница; записници од советувања; записници од состаноци со ученичката заедница; решение за формирање на ученичка заедница и ученички парламент; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извешта и од реализирани иницијативи на младински активизам, покани, материјали за изборни постапки и др.); записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција.

### Добиени податоци

Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и според остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето е препознатливо како еко-училиште активно учествува во еко активностите организирани во нашата општина,ги одбележува сите еко акции и го развива и промовира ученичкиот натпреварувачки дух во зачувување,грижа и негување на животната средина преку низа спортски активности од едукативни – рекреативен карактер и еко акции.

Угледот на училиштето произлегува од ресурсите со кои располага, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси, како и од квалитетот на работата и постигањата на учениците.

Училиштето има изготвено: Кодекс на однесување, Кодекс на облекување, ЕКО кодекс, како и Етички кодекс на оценување каде што се поставени принципите и правилата на однесување и оценување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручни соработници,административно - технички персонал, учениците и родителите). Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска и транспарентна процедура со партиципација на сите структури поодделно. Во неговата изработка учествувале претставници од сите структури. Кодексот на однесување е истакнат на видни места во училиштето. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практиката. (Евиденција за изречени педагошки мерки ја водат училишниот педагог и психолог).
Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите целни групи од сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Учениците, членови на училишната заедница се поканувaат на наставнички совет,учествуваат во избор на првенец на генерација, совети на паралелки и учествуваат на состаноците на училишен одбор.Истовремено училишната заедница зема активно учество во одбележување на позначајни датуми од училишниот, наставен календар преку спроведување на работилници во кои учествуваат претставници од сите одделенија, Избраниот правобранител активно работи преку секојдневни или периодични дискусии со соучениците ги воочува недостатоците, проблемите со кои се соочуваат учениците и презема транспарентни активности кон нивно разрешување. На наставничкиот совет е поканет претставник од ученичкиот парламент.
Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, меѓусебната соработка се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените во училиштето ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без разлика на нивните способности, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чуствуваат безбедно и прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.
Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, преку редовни дежурства на наставниците и учениците, почитувајќи го куќниот ред на училиштето .Истовремено се води грижа за приемот на учениците наутро и нивното заминување од училиштето и тековно следење на редоследот на автобускиот превоз за учениците кои учат во нашето училиште, според реонизацијата. Поголемиот број од учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Вработените се позитивен пример за учениците, авторитетно, но со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, што помага на квалитетот на поучувањето и учењето во наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки за учениците кои пројавуваат несоодветно однесување, односно ја нарушуваат работната атмосфера на часот, доцнат на часови, не го почитуваат куќниот ред во училиштето, го уништуваат училишниот имот, ги нарушуваат правилата на однесување кон вработените и меѓу самите ученици.
Во училиштето повремено има закани, примери и исклучоци на несоодветно однесување,провокации, навреди меѓу учениците и на релација родител -наставник. За истите навремено се преземаат соодветни мерки согласно куќниот ред и правилниците.
Во училиштето нема пишани графити со негативна содржина упатени кон припадниците на различна етничка припадност.

Училиштето реализира проекти за подобрување на поведението и дисциплината како и безбедноста во училиштето, (проектот „Безбедност во училиштата“;Форум театар на тема „Врсничко насилство“ во рамки на Програмата за Мировно образование во соработка со ПДАС“Меѓаши“ ).Стручните соработници континуирано работат на превенција и спречување на насилство во училиштето.
Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана Ученичка заедница на сите нивоа (на ниво на секоја паралелка и на ниво на училиште), која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Ученичката зеденица, односно Ученичкиот парламент учествуваат во донесување на одлуки и решавање проблеми. Ученичкиот парламент учествува во многубројни активности на ниво на училиште. Ученичкиот парламент работи согласно програмата за работа и се состанува секој месец. Таа во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн). Учениците навремено и целосно се информирани од претставниците/членови во Ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и во донесувањето одлуки. Активностите за младинско учество се иницираат, планираат и реализираат од страна на ученичката заедница и ученичкиот парламент. Постојат најмалку 5 реализирани активности на младински активизам во една учебна година. Постои заемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки и на учениците и родителите и тие се чувствуваат безбедни и прифатени.
Во соработка со Првата детска амбасада во светот„Меѓаши“ а во рамки на програмата за Мировно образование беше реализиран Форум театар со ученици од ООУ „Стив Наумов“, СУГС „Д-р Панче Караѓозов“ и ООУ „25 Мај“на тема: Врсничко насилство“.
Со поддршка на ПДАС Меѓаши на 21 Септември 2022 година наставниот кадар и учениците го одбележаа Меѓународниот ден на мирот, ден посветен на борбата против омразата, предрасудите и насилството, ден посветен на промовирање поголемо почитување и достоинство за сите преку изработка на еко мурал „Гулаб на мирот“ и „Дрво на мирот“ и упатија силна порака за вредноста на толеранцијата и меѓусебното почитување.
-изработка на пеперутка, буф и еднорог од пластични капачиња со кои е украсен училишниот двор
-изработка на цветни мурали од рециклирани материјали

## 5.2. Промовирање на постигањата

**Теми**

- ✓ ***Промовирање на личните постигнувања на учениците***
- ✓ ***Промовирање на постигнувањата во име на училиштето***

## Извори на податоци

Годишна програма за работа на училиштето; изложени трудови на учениците; паноа со пофалби, награди; примери на промовирани активности во медиумите за постигањата на учениците; записници од интервјуата со наставниците и со стручните соработници, учениците, родителите; промотивни материјали за еко активности; соопштенија до медиумите; интернет страница и др.; записници од работата на ТУИ-тим за училишна интеграција.

## Добиени податоци

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици, особено внимание посветува на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.
Учениците имаат високи очекувања од самите себе и од другите ученици; имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште и пошироката локална средина, како и на меѓународно ниво.
Наставниот кадар, успешно го применува пофалувањето како средство за мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начини на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и пошироката локална средина. Учениците имаат можност (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонннаставните активности преземајќи граѓански иницијативи и акции. Личните постигања на учениците се промовирааат во рамките на секоја паралелка, во вибер групите со родителите, вибер група на ниво на училиште, на веб страна на училиштето,во медиумите, училишен весник во електронска верзија и локалната самоуправа. Еден од начините на промовирање на личните постигања на учениците се врши преку -изборот на првенец на генерација, транспарентно избран од комисијата.
Согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште секој одделенски/предметен наставник вонннаставните активности ги евидентира и притоа ги промовира постигањата на социјални мрежи.
Училиштето води политика за поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успеси на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.
Училиштето организира интерни натпревари за учениците по одредени предмети. Во екипните натпревари тимовите се со балансиран мешан етнички состав. Наставникот ментор добива признание и награда за постигнатиот успех на ученикот и за промовирањето на училиштето. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.
Училиштето има правилник за наградување на учениците: двапати во текот на учебната година, кога се прославува Денот на училиштето и на крајот на учебната година, учениците се наградуваат со соодветен подарок и пофалница.

Постигањата на учениците се промовираат транспарентно на веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. каде учениците освојуваат високи награди. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците-ментори и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.
Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.
Спроведени се повеќе заеднички проектни активности, манифестации и изложби со општината, детските градинки, основни и средни училишта од локалната и пошироката заедница.
Училиштето и Советот на родители соработуваат и со служби од МВР кои држат предавање на тема „ Превенција од злоупотреба на дрога и други наркотични средства“, со Црвениот Крст на РМ (предавање за ученици на тема насилство).
Училиштето ги промовира своите постигања и преку медиуми, односно преку редовно учество во контактно-училишната емисија „Ѕвон” на МРТВ, во рамките на контактно-училишна програма. Училиштето редовно зема учество и на натпреварите од „Ученичка квизотека“ која ги организира Детскиот културен центар „Карпош“ – Скопје“, како и во ЕКО-акцијата „Самоиницијативна акција за собирање на отпадни батерии 2020/2022г. во соработка со ЕЛКОЛЕКТ.
Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. Наградувани се и наставниците кои помогнале во постигнувањето на успех во сите области преку кои го промовирале училиштето. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од вонаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни, симболични подароци. Постигањата во име на училиштето се промовират на веб страна на училиштето, вибер група на ниво на училиште, на веб страна на општина, во ситуации кога општината е покровител на настанот или учесник, во училиштен весник во електронска верзија. Постигањата во име на училиштето се промовират на веб страна на училиштето, вибер група на ниво на училиште, на веб страна на општина, во ситуации кога општината е покровител на настанот или учесник, во училиштен весник во електронска верзија.
Библиотекарската секција, оваа учебна година не беа изведени активности околу подготовка на ученици за учество на регионалниот натпревар „Млади библиотекари“ во организација на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје
Во училишниот клуб членуваат деца од 1 до 5 одделение и деца од 6 до 9 одд.
Училишниот клуб содржи тимски спортови како што се одбојка, кошарка и футсал во кој членуваат учениците.
Училишниот клуб секоја година зема учество на општински и регионални натпревари.

## 5.3.Еднаквост и правичност

### Теми

- ✓ ***Познавање и практикување на правата на децата***
- ✓ ***Еднаков и правичен третман на сите ученици***
- ✓ ***Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот***

### Извори на податоци

Педагошка евиденција во однос на вклучување на учениците во воннаставни активности, структура на паралелки, интервјуа со родители, ученици, наставници и стручни соработници, прашалници за родители и ученици, записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција, дневник за работа на стручни соработници, оперативен план за наставен час, записници од наставнички совет, критериуми и процедури за избор на ученик на генерација.

### Добиени податоци

Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците и ги вклучува во активности преку кои се промовираат и почитуваат детските права и ги заштитуваат во случај на нивно непочитување и повредување. Преку реализирање на часовите на одделенската заедница се обработуваат содржини во кои се истакнуваат правата на децата и нивна еднаквост и заштита. Во однос на другите наставни предмети низ часовите секојдневно се внимава на воочување на правата и еднаквоста на учениците и се изведуваат заклучоци. Правата на децата се учат и покажуваат и преку работата на Ученичката заедница која од учебната 2019/2020 година работи и дејствува под името Ученички парламент.  Тој дополнително ги застапува еднаквоста и правичноста на учениците. Учениците по пат на анкета (IV-IX) одд. имаат можност и право преку искажување на својот став, мислење и предлози да учествуваат во подобрување на работата на училиштето и во креирање на училишниот живот. Активно учество земаат во естетското уредување на просторот, подобрување на хигиената, одржување на хепенинзи и базари и сл. Во рамки на Ученичкиот парламент се реализираат и работилници со стручните соработници  (на тема Техники за учење со цел олеснување на учењето),се одржуваат средби со координатори на училишни проекти (пр.ЕКО проект) каде го произнесуваат своето мислење и активно учествуваат во уредување на училишниот двор, преку спроведени акции. Учениците се запознаваат со своите права и начините на кои истите можат да  ги практикуваат и заштитуваат. Родителите

исто така имаат можност да се запознаат со правата на нивните деца преку документација која училиштето ја има и промовира. Училиштето е вклучено во проектот, во соработка на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ- „Да ги земеме правата во наши раце“ кој придонесува за  разбирање и почитување на потребите на децата, подобрување на капацитетот на наставниците, стручните соработници и родителите за обезбедување сигурна и безбедна семејна и училишна средина како помош и поддршка на адолесцентите за идентификација на нивните компетенции при превенција од насилство. Во рамки на Ученичкиот парламент учениците се изјаснуваат,преку свои мислења и ставови за појавата и причините кои доведуваат до насилно однесување.

Проектот „Редовно на часови“акција за вклучување на Ромите во основното образование“ имплементиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија во партнерство со Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор и Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас, финансиран од Европската Унија.

Во нашето училиште Ученичкиот парламент активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Ученичкиот парламент на училиштето ги опфаќа учениците од I-IX одделение. Активностите на УП се реализираат според годишната програма која ја изготвуваат учениците во соработка со директорот, стручната служба и одговорните наставници. Некои од активностите на УП се реализираат во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Посебно внимание се посветува на потребата од начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки, како и на формирањето и функционирањето на УП (користење на нацрт прирачникот за демократско учество  на учениците во училиштето). Состаноците на УП се одржуваат еднаш во месецот (по потреба и неколку пати) и на тие состаноци се разгледуваат прашања во врска со успехот и поведението на учениците, прашања поврзани со културно-забавниот живот, естетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето. Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба постои голема соработка и истовремено даваат и голема помош и поддршка на работата на Ученичкиот парламент на училиштето.

Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

Сите вработени во училштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. За да се обезбеди правичност и еднаквост на сите ученици во училиштето се формираат паралелки со еднаков број на машки и женски деца, со различна етничка припадност, различни можности и способности, а се води грижа и за социо-културниот состав на семејствата на  учениците. Во текот на нивното школување/образование тие добиваат еднаква помош и поддршка од наставниците, стручните соработници и директорот. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичност како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминацијата во училиштен контекст. Ученичкиот парламент го сочинуваат одделенски претставници (претседател-потпретседател) кои се претходно избрани според одредени критериуми, со еднаква полова застапеност. Ученичкиот правобранител ги застапува правата на децата и реагира  при повреда и прекршување на истите.Тој се избира на предлог на учениците преку тајно гласање на одделенски/класеен час. Ученичкиот парламент избира и претставници во Советот на родители, Наставничкиот совет и Училишен одбор.

Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Преку наставните и

вонннаставните активности учениците знаат да ги препознаат и да се справат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и друго.

Ученичкиот парламент во рамките на својата програма реализира предавање на тема: Врсничко насилство, стереотипи, предрасуди и дискриминација со цел подигање на свеста за прифаќање на различностите,препознавање и справување со различни форми на врсничко насилство и дискриминација како и поттикнување и унапредување на инклузивната клима во училиштето и училницата.

Од оваа учебна година училиштето се вклучи во активностите на проектот „Мировно образование„ на Првата детска амбасада во светот„Меѓаши“ кои имаа за цел поттикнување на ненасилна комуникација меѓу учениците промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем, како и во проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ во соработка со Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивното заемно прифаќање. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето планира и реализира заеднички наставни и воннаставни активности со хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од нашето или со друго партнер училиште.
Преку разновидни активности, а посебно преку активностите од проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието“ учениците имаат можност да се запознаваат и да ги почитуваат како сопствената, така и традицијата и културата на другите етнички заедници во Република Македонија. Проектот промовира и активности на меѓусебна меѓуетничка и мултикултурна соработка на учениците и вработените со училишта од општината и градот. Во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ согласно целите и задачите на проектот се реализираат училишни и вонучилишни активности.
Во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ согласно целите и задачите на проектот се реализираат училишни и вонучилишни активности. Училиштето континуирано промовира мултикултурализам на тој начин што води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и ги поттикнува учениците да учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата. Во училиштето се спроведуваат активности кои се предвидени со Годишната програма. Имено, во рамките на редовните часови и часовите на одделенската заедница, наставниците одржуваат часови и работилници со содржини преку кои се развива мултикултурен сензибилитет кај учениците
Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование кое води до подобрување на резултатите на учениците. Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градењето на кохезивно општество.
Училиштето промовира мултикултурализам на тој начин што води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата, ги поттикнува учениците да учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата, се организираат заеднички воннаставни активности наменети за културно/јазични мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да се обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Училиштето оневозможува користење на полови, етнички,

религиски и други стереотипи во комуникацијата и спречува секаков облик на дискриминација по социјална, полова и етничка основа.
Заедничките активности со партнер училиштето ООУ „25 Мај” – Скопје. - ликовната работилница „Шарен свет“. Учениците цртаа и твореа, креативно претставувајќи ги своите визии на темата „Шарен свет“. Во работилницата учество зедоа и претседателот на Ученичкиот парламент како и ученикот - правобранител и претставници од Советот на родители.
Под мотото “Пешачиме за мир, соживот и толеранција ученици од нашето и другите општински основни училишта, во организација на Општина Гази Баба, а по повод почетокот на пролетта, засадија дваесет и едно ново дрво, со што и посакаа добредојде на пролетта. Беше испратена и најсилната порака која вели: другарството не познава разлики.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

**Теми**

- ✓ ***Соработка на училиштето со родителите***
- ✓ ***Соработка со општината и урбаната заедница***
- ✓ ***Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор***

**Извори на податоци**

Извештај за работа на училиштето (полугодишен,годишен);записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документацијата (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност); статут на училиштето, интернет-страница на училиштето; договор со деловна заедница, решение за именување на членовите на училишен одбор,
Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците; записници и одлуки
од состаноците на училишен одбор; постоење виртуелни и реални ученички компании; план за организирани контакти и преписки со деловната заедница; организирани трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на деловната заедница; документација за добиени спонзорства и донации; записници од ученички парламент; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција.

**Добиени податоци**

Училиштето презема добро испланирани активности и организира работилници за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посета на работно место на родителот, како и воннаставни активности.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови за информативни средби со родителите. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

Со започнување на учебната година училиштето ги запознава родителите преку брошура со дел од програмата за работа на училиштето во текот на учебната година за секоја предвидена активност – се бара согласност и повратна информација од родителот. По завршување на секој класификационен период се организираат родителски средби, а еднаш месечно се раелизираат отворени денови кога родителите можат да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете-исто така и по електронски пат со увид во Е-дневник, електронска пошта (е-меил) и преку СМС пораки. Секој наставник уште на почеток на учебната година одредува свој приемен ден, распоред на часови и организирање на дополнителна и додатна настава кој се истакнува на огласна табла во училиштето, на видно место. При тоа училиштето ги приспособува деновите и термините за родителските средби на времето и потребите на родителите.

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во воннаставни и проектни активности, екскурзии од научен и рекреативен карактер, организирана исхрана на учениците, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето и надвор од училиштето. Училиштето соработува со повеќе владини и акредитирани невладини организации преку МОН и БРО, соработка со Општинската организација на Црвениот Крст –Гази Баба, Сојуз за грижа на деца и младинци на град Скопје, фабрики, писатели, издавачки куќи, медиуми, соработка со МКЦ, ДКЦ-Карпош како и соработката со други училишта од Р.Македонија и од соседните земји.

За организирано остварување на интересите на учениците родителите партиципираат во Советот на родители на паралелките и на ниво на училиште, како и во Училишниот одбор на училиштето, при што нивниот избор се врши на најдемократски и транспарентен начин на првата родителска средба, а потоа од избраните претставници се врши избор на претставници во другите училишни тела. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма, во електронска форма, преку веб страната на училиштето. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Советот на родители беспрекорно функционира. Соработката со родителите се темели на принципите на партнерство, рамноправност, заемна почит и доверба

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. –„Секој може да биде Дедо

Мраз“ го одбележавме 5-Декември, Денот на волонтерството и заеднички повторно ставивме акцент на промовирање на хуманистичките и алтруистички вредности.

Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

Училиштето е отворено за меѓусебна соработка со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа. Во рамките на своите можности локалната заедница и бизнис секторот ги потпомага предвидените активности на училиштето. Училиштето со свое учество ги збогатува програмите и активностите на: локалната заедница, стопанските организации и невладиниот сектор, општината Гази Баба, детската градинка „Детска радост“ и др. -Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на Македонија, Институт за психологија, детска градинка “Детска радост“, основни и средни училишта од општина Гази Баба и град Скопје...);

Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

-Соработка со Првата детска амбасада "Меѓаши"

-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

Од извештај на дефектолог, СОС – Детско село Македонија, Институт за јавно здравје

-соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“,поднесување барање за обезбедување лични/образовни асистенти за учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето остварува партнерска соработка со деловната заедница преку спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализација на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество, како и еколошката програма. Успешноста на соработката со граѓанскиот сектор, со високо образовните институции и училишта на меѓународно ниво, се согледува преку конкретни примери за активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.

Соработка со Советот на родители, презентација на реализираните активности/иницијативи со ученици за подобрување на процесите, безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето.

Нашето училиште е дел од проектот „Безбедност во училиштата “ изработен од страна на Одделението за превенција, а поддржан од Одделот за развој на полицијата при Мисијата на ОБСЕ .

Училиштето по пат на соопштенија, огласни табли, флаери, плакати, билтени навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите.

На веб страната на училиштето https://ou-stivnaumov.edu.mk се објавуваат годишната програма за работа на училиштето, извештаите од реализација на годишната програма, ивештаи од спроведена самоевалуација на училиштето, развојни планирања и завршни сметки. Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко: институции од областа на образованието, институции од областа на културата, невладини организации, спортски друштва, здравствени организации, медиуми и др.

| Прашалник за наставници | Со анкетниот прашалник беа опфатени 58 испитаника од кои 51 (87,9%) се женски пол, а само 7 (12,1%) се машки пол. |
|---|---|

Според обработените податоци собрани од анкетниот прашалник којшто се однесуваше на испитаниците-наставици, добиени се следните резлтати, во однос на дадените тврдења:

На тврдењето: „Во училишниот колектив организацијата на воспитно-образовниот процес се остварува преку тимска работа, заемно помагање и почитување“ за ставот „се согласувам“ се изјасниле 50 или 86,2 % . „Делумно се согласувам“ е став за кој се одлучиле 8 испитаника или 13,8% и „не се согласувам“ не одговорил никој.

*На тврдењето: „ Во училиштето се почитува принципот на демократско учество на учениците “, најголем број од испитаниците имаат позитивен став во однос на ова тврдење, имено „се согласуваат“ 55 или 94,8%, само 3 или 5,4 % имаат став „делумно се согласувам“. Никој не одговорил „не се согласуваат“ со ова тврдење.

*На тврдењето: „Училиштето остварува соработка со локалната заедница, стопански субјекти и невладини организаци“, испитаниците ги изнесоа следниве ставови: позитивно се изјасниле 44 или 75,9%, односно „се согласувам“ е став на најголем број од испитаниците, додека14 или 24,1% се изјасниле „делумно се согласувам“. Никој од испитаниците-наставници имаат негативен став кон ова тврдење.

*На тврдењето: „Училиштето по пат на пишани и електронски медиуми врши информирање и промовирање на сопствената работа“, најголем број од испитаниците-наставници по однос на ова тврдење го имаат ставот „се согласувам“ и тоа 46 или 79,3%, додека најмал број еден наставник или 1,7 % смета дека ставот „не се согласувам“ е исправен. Останатите испитаници 11 или 19% се изјасниле за ставот „ делумно се согласувам“.

| Прашалник за ученици | Анкетирани вкупно 111 ученици |
|---|---|

Анкетирани се 111 ученика од кои 65 или 58,6 %девојчиња и 46 или 41,4% момчиња, според обработените податоци добиени се следниве резултати:

*На тврдењето: “Во училиштето се запознавам со моите права и правата на другите во општествената средина“, за ставот „се согласувам“ се изјасниле 91 испитаник или 82%, за ставот „делумно се согласувам“ се изјасниле 18 испитаника или 16,2% од учениците. Само двајца од испитаниците или 1,8 % се изјасниле дека не се согласуваат со даденото тврдење.

*На тврдењето: „Имам можност да учествувам во одбележување на настани и манифестации во училиштето, локалната средина и медиумите “, најголем дел од испитаниците 80 или 72,1 % се за ставот „се согласувам“, а најмал дел 7 испитаника или 6,3 % се за ставот „не се согласувам“. Останатите испитаници 24 или 21,6 % се изјасниле за ставот „делумно се согласувам“.

*На тврдењето: „Во училиштето се почитува принципот на демократско учество на учениците“ најмал број од учениците 8 или 7,2 % се изјасниле за ставот „не се согласувам“, додека од вкупниот број на испитаници 81 или 73 % се изјасниле дека „се согласуваат“, останатите 22 или 19,8 % се изјасниле дека „делумно се согласуваат“ со тврдењето.

*На тврдењето: “Во училиштето учам за еднаквоста меѓу луѓето без разлика на пол, национална, етничка и верска припадност ″, најголем дел од испитаниците 102 или 91,9 % се согласуваат со тврдењето; за ставот „делумно се согласувам“ се изјасниле 7 или 6,3 % од учениците. Само двајца или 1,8% од учениците не се согласуваат со тврдењето.

*На тврдењето: „ Се согласувам со изречените педагошки мерки за учениците кои ја попречуваат наставата, ги нарушуваат правилата на однесување и покажуваат насилно однесување ″, за ставот „се согласувам“ се одлучиле 90 испитаника или 81,1%, за ставот „делумно се согласувам“ се одлучиле 15 или 13,5 % испитаника и за ставот „не се согласувам“ се одлучиле 6 или 5,4 % од испитаниците.

*На тврдењето: „ Во училиштето се спроведуваат активности за спречување и намалување на појавите на насилно однесување и

дискриминација “ за ставот „се согласувам“ се одлучиле 87 или 78,4%, за ставот „делумно се согласувам“ се одлучиле 21 или 18,9 % испитаника и за ставот „не се согласувам“ се одлучиле 3 или 2,7 % од испитаниците.

| **Прашалник за родители** | **Анкетирани вкупно 157 родители** |
|---|---|

Анкетирани се 157 родители од кои 126 ( 80,3%) се жени, а 31 (19,7%) се мажи, според обработените податоци добиени се следниве резултати:

* На тврдењето: „ Во училиштето се планираат и реализираат активности кои придонесуваат за превенција и намалување на појавите на насилно однесување и дискриминација “, од вкупниот број на испитаници за ставот „се согласувам“ се изјасниле 102 испитаника (65%); за ставот „делумно се согласувам“ се изјасниле 43 испитаника (27,4%) и за последниот став „не се согласувам“ се изјасниле, 12 испитаника, изразено во проценти е 7,6% од вкупниот број на испитаници.

* На тврдењето: „ Достапни ми се сите информации за активностите кои се спроведуваат во рамките на воспитно образовната дејност на училиштето “, од вкупниот број на испитаници за ставот „се согласувам“ се изјасниле 118 испитаника, (75,2%); за ставот „делумно се согласувам“ се изјасниле 36 од испитаниците, (22,9 %) и за последниот став „не се согласувам“ се изјасниле тројца испитаника или изразено во проценти, тоа е 1,9 % од вкупниот број на испитаници.

*На тврдењето: „Родителските состаноци се редовни и добро организирани, а информациите за нивното одржување се навремени “, од вкупниот број на испитаници за ставот „се согласувам“ се изјасниле 150 испитаника, (95,5 %); за ставот „делумно се согласувам“ се изјасниле 6 од испитаниците, (4,5 %) и за последниот став „не се согласувам“ се изјаснил еден испитаник или изразено во проценти, тоа е 0,6% од вкупниот број на испитаници.

*На тврдењето: „Се почитуваат нашите сугестии при донесувањето на важни одлуки и решенија во училиштето “, од вкупниот број испитаници, по однос на ставот „се согласувам“, се изјасниле 98 испитаника или изразено во проценти 62,4%. Со ставот „делумно се согласувам“ се изјасниле 52 испитаника или 33,1%. Најмал број од испитаниците 7 се изјасниле за ставот „не се согласувам“ што претставува 4,5 % од вкупниот број испитаници.

**Што се однесува на прашањето од отворен карактер:* „ На кој начин се вклучувате во животот и работата на училиштето? “

Од 157 родители, на ова прашање дале одговор 86 родители, а останатите 71 не одговориле на прашањето.

Добиени се следните одговори:

-најголем број од родителите 24 од вкупно анкетирани 162, се изјасниле дека се вклучуваат во животот и работата на училиштето преку активности во училиштето и одделението (работилници, хуманитарни акции, еколошки акции, базари и сл.)

- преку редовна комуникација со наставниците е одговор на прашањето од страна на деветнаесет (19) испитаника;

- за единаесет (11) од родителите, родителските средби се начин за вклучување во животот и работата во училиштето;

- за девет (9) од родителите, како член на Советот на родители е начин за вклучување во животот и работата во училиштето;

- осум (8) испитаника одговориле на прашањето, дека со давање предлози и сугестии се вклучиле во животот и работата на училиштето;

-седум (7) испитаника одговориле дека се вклучуваат во животот и работата на училиштето преку проекти и

- не сум вклучен одговориле осум (8) испитаника.

Од вкупен број на испитаници 157, на прашањето од отворен тип, дале свое мислење 81 испитаника, а не дале одговор 76 испитаника

**Што се однесува на прашањето од отворен карактер:* „Наведете предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето", добиени се следниве одговори од страна на 81 испитаник

-предлогот, почесто вклучување на родителите во заеднички активности со учениците и наставниците (врсничко насилство, меѓусебна почит и толеранција, емпатија, когнитивни вештини) е даден од страна на дванаесет (12) испитаника;

-предлогот, работилници и предавања од страна на стручни соработници за актуелни теми е даден од страна на осум (8) испитаника;

-предлогот, повеќе практична настава е даден од страна на седум (7) испитаника;

-предлогот, изведување на настава во природа е даден од страна на шест (6) испитаника;

-предлогот, подобри услови за изведување на часовите по ФЗО е даден од страна на пет (5) испитаника;

-предлогот, подобрување на дисциплината во паралелката е даден од страна на пет (5) испитаника;

- предлогот, ревидирање на програмите е даден од страна на пет (5) испитаника;

-предлогот, кодекси и правилници за хигиена во училиштето е даден од страна на пет (5) испитаника;

-предлогот, повеќе посета на културни установи, фабрики, институции е даден од страна на четворица (4) испитаника;

-поголема организираност на додатна и дополнителна настава е предлог даден од тројца (3) испитаника;

- предлозите да се доставуваат редовно до Советот на родители е предлог даден од страна на двајца (2) испитаника;

-предлогот, поголема достапност до предметните наставници за комуникација е предлог даден од страна на двајца (2) испитаника;

-предлог, поголем квалитет на храната во училиштето е предлог даден од страна на двајца (2) испитаника;

-повеќе да се обрне внимание на социјалните загрозени дечиња е предлог даден од страна на двајца (2) испитаника;

*Следните предлози се дадени поединечно,од страна на по еден родител:*

-Предлог за солидарен фонд за децата од социјално загрозени семејства!

- волонтерски активности во некои невладини организации или здруженија на граѓани;

- да работат креативно во групи со што ќе развиваат вештина за работа во тим;

-да се почитуваат наставниците;

- соработки со други училишта од општината, но и од градот и државата;

-можности за вклучување во спорт и други активности кои ќе бидат бесплатни;

-да се набават шкафчиња и друг инвентар во целодневна настава;

-да се задаваат повеќе домашни задачи;

-учителите да бидат по строги во однос на учениците;

-да се одземаат мобилните телефони пред почеток на часовите во сите одделенија;

- да се разгледа од страна на МОН практичното спроведување на концепцијата, бидејќи учебниците преполни со информации не се совпаѓаат со идејата на применето знаење.

-можност за учење на дополнителен јазик;

-навремено обезбедување учебници за предметите опфатени во учебната година;

- поголема едукација на децата за булинг и за инклузија на деца со попреченост, обука на наставниците преку која ќе можат да ги детектираат афинитетите и талентите на детето со цел полесно насочување на детето кон неговиот понатамошен развој;

-работилници за здравје и хигиена.

- враќање на стариот начин на учење;

- повеќе лекции од воспитен карактер;

- часовите по спорт и здравје треба да бидат воведени на дневна база, децата да пешачат во околните паркови и шуми, да спортуваат пливање, скијање;

- училиштето да биде транспарентно во делот на објавување на склучените договори согласно закон за јавни набавки од областа на обезбедување на топол оброк, организирање на екскурзии на системот ЕСЈН и на својата веб страна;

- укинување на новата концепција за основно образование;

- организирање на “секции“ за танц, музика, сликање, глума во рамки на училиштето;

- подобри предавања од одредени наставници;

- кога наставник е оправдано отсутен подолго време да се изнајде начин за негова замена бидејќи се губат многу часови и материјалот не може убаво да се предаде и совлада.

- стекнување нови знаења преку процес на критичко размислување.

-да се врати стариот програм за едукација и да се даде поголеми ингеренции на наставниците врз децата и под итно да се исфрлат сите ЛГБТ елементи од образованието

-седум (7) испитаника навеле дека немаат предлози.

## Заклучок

Согласно ресурсите со кои располага, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците на ниво на: општина, регион, држава како и на меѓународно ниво. Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците. Училиштето има Кодекс на однесување и Еко кодекс кои се однесуваат на сите структури: ученици, вработени ( наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Во неговата изработка учествуваат претставници од сите структури. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето. Постои меѓусебно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки и на учениците и родителите. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето. Ученичката заедница, односно Ученичкиот парламент на училиштето која ја сочинуваат претставници на ученичките заедници на паралелките работи согласно програмата за работа и се состанува секој месец и по барање на мнозинството ученици или Ученичкиот правобранител. На состаноците учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање проблеми кои се од нивен интерес, давање предлози и мислење за прашања поврзани со училишниот живот. Учениците имаат можност да ги изразат своите креативни потенцијали во наставните и воннаставнии активности.
Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Во училиштето на транспарентен начин се избира првенец на генерација. Изборот на „првенец“ е комисиски при што се почитуваат принципите на правичност. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво и за тоа има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. Училиштето има воспоставен систем за континуирно информирање и промовирање на реализираните еколошки содржини.
Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Учениците се запознаваат со нивните права и начините на кои истите можат да ги практикуваат и заштитуваат. На родителите на учениците исто така им е овозможено да се запознаат со правата на нивните деца преку документацијата која училиштето ја има и промовира. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, традицијата на другите етнички заедници во Македонија. Преку разновидни активности, а посебно преку активностите од проектот за “Меѓуетничка интеграција во образованието“ учениците имаат можност да се запознаваат и да ги почитуваат традициите и културите на сите луѓе во Македонија.
Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. За таа цел тоа користи најразновидни форми за комуникација со нив. По завршување на

секој класификационен период се организираат родителски средби, отворени денови кога родителите можат да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете, како и преку Е-дневник, е-пошта, Вибер, СМС пораки и усни консултации.
Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во вонаставни и проектни активности, екскурзии од научен и рекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето.
Родителите партиципираат во Советот на родители на паралелките и на ниво на училиште, како и во Училишниот одбор на училиштето, притоа нивниот избор се врши на најдемократски начин. Родителите имаат можност да бидат информирани за работата на училиштето не само во пишана форма, туку и по електронски пат преку веб страната на училиштето.
Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница со стопанските организации во неа, како и со невладиниот сектори таа соработка е заемна. Во рамките на своите можности локалната заедница и бизнис секторот помагаат за одвивање на севкупната воспитно -образовна дејност на училиштето.

***Силни страни***

- ✓ Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците
- ✓ Кодексот на однесување е донесен и прифатен од сите структури во училиштето
- ✓ Наставниците ги поттикнуваат учениците кон повисоки постигањата
- ✓ Наставниците тимски работат во целокупната наставна работа
- ✓ Наставниците меѓусебно се почитуваат и континуирано соработуваат (наставниците од одделенска и предметна настава)
- ✓ Правилникот за изрекување педагошки мерки доследно се почитува
- ✓ Наставниците реализираат активности за спречување насилство на ниво на паралелка и на училишно ниво.
- ✓ Училиштето постигнува високи резултати на натпревари на знаења и натпревари во воннаставни активности
- ✓ Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори
- ✓ Наставниците не прават разлика помеѓу учениците со различни способности, различна етничка припадност и во однос на полот
- ✓ Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите
- ✓ Постои заемна меѓуетничка и мултикултурна соработка на учениците и вработените со училишта од општината
- ✓ Учениците, членови на училишната заедница се поканувaат на наставнички совет,учествуваат во избор на првенец на генерација, совети на паралелки и учествуваат на состаноците на училишен одбор
- ✓ Постои добра соработка со Советот на родители на училиштето
- ✓ Наставниците најмногу се мотивираат од постигањата на учениците
- ✓ Добро организирани родителски средби резултираат со навремена информираност и добра соработка

- ✓ Постои отворена соработка со локалната средина
- ✓ Родителите имаат можност да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности
- ✓ Родителите имаат можност редовно да се информираат и да го следат напредокот и редовноста на учениците
- ✓ Училиштето ги информира родителите за постигањата и однесувањето на нивните деца преку групни и индивидуални средби (родителски средби на крај на секој класификационен период, отворени родителски средби, приемен ден за родителите, преку е-пошта, и други електронски платформи..веб страна на училиштето.)
- ✓ Стопанските организации од локалната заедница се отворени за соработка и поддршка на училиштето
- ✓ Училиштето учествува во општествено културни и образовни активности организирани од Општина Гази Баба, град Скопје, МКЦ, ДКЦ, МТВ и други владини институции и невладини организации, здруженија ,

***Слабости***

- ✓ Недоволен број организирани предавање со родители на теми поврзани со нивните професии
- ✓ Недоволен опфат на учениците со активности против насилното однесување и дискриминација
- ✓ Училиштето има недоволна соработка со училишта на меѓународно ниво
- ✓ Недоволна вклученост на учениците во активности со локалната заедница и граѓанскиот сектор
- ✓ Недоволно е промовирањето на работата на воспитно-образовниот кадар

# Приоритетни подрачја

- ✓ ***Спроведување активности за поттикнување ненасилна училишна култура***
- ✓ ***Поттикнување и унапредување на граѓанскиот активизам, волонтерството и вклучување на учениците во активности на заедницата***
- ✓ ***Промовирање на постигањата и работата на учениците и воспитно-образовниот кадар***

# 6.Ресурси

**Индикатори**

- 6.1 Сместување и просторни капацитети
- 6.2 Наставни средства и материјали
- 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар
- 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар
- 6.5 Финансиско работење на училиштето

**Работна група**

1. Татјана Арсова - одговорна
2. Емилија Божиновска
3. Даниела Димишковска
4. Олга Добревска
5. Мери Тодорова
6. Јордан Петрушевски
7. Елена Стаменковска Мисајловска
8. Даниела Ристеска

## 6.1.Сместување и просторни капацитети

### Теми

- ✓ *Просторни услови*
- ✓ *Искористеност на просторните капацитети*

### Извори на податоци

Годишна програма за работа на училиштето, програма за развој на училиштето, записници од просветната и санитарната инспекција, распоред на часови, распоред по училници, паралелки/групи и смени за организирање настава, полугодишен и годишен извештај, записници од работата на стручните активи, интервјуа со наставниците, пописни листи, пристапни рампи, простор во училница, ходници, фискултурна сала, училиштен двор за движење со количка.

### Добиени податоци

Училиштето располага со вкупно 32 адекватно опремени училници, од кои 15 училници за одделенска настава и 1 училница дневен престој. Во 16 се изведува кабинетска настава (биологија 1, македонски јазик 2, математика 3, географија 1, историја 2, физика 1, хемија 1, ликовно образование 1, англиски јазик 2, француски јазик 1, информатика 1), 11 помошни простории, кујна со трпезарија, фискултурна сала и три спортски терени. Училиштето зависно од материјалните можности континуирано врши реновирање на одредени простории, уредување на училишниот двор и самата зграда. Санитарните простории се реновирани и ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Училишната зграда и простор (ходници на приземје, фискултурна сала, училиштен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (пристапни рампи.) За потребите на учениците за учење, врсничка поддршка и дружење е формиран Клуб за учење и дружење во посебна просторија, а во ходникот имаат и свое катче за одмор и релаксација на одморите.

Во училиштето редовно се изведува настава во две смени, а училниците, фискултурната сала и надворешните игралишта се користат оптимално, според јасен план и распоред, што ги задоволува потребите на учениците во однос на наставата.

## 6.2 Наставни средства и материјали

### Теми

- ✓ *Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала*
- ✓ *Училишна библиотека*
- ✓ *Потрошен материјал*

### Извори на податоци

Документација на училиштето за набавка на стручна литература и наставни помагала, увид во библиотечната евиденција, документација за планирани и набавени потрошни материјали, самоевалуација на училиштето, планот за развој на училиштето, интерни акти, полугодишниот и годишниот извештај, годишната програма, записници од стручните активи, пописни листи.

### Добиени податоци

Потребите од нагледни средства и помагала училиштето ги утврдува и обновува според доставени барања од страна на наставниците на ниво на стручни активи и истите се доставуваат до директорот на училиштето. Нагледните средства и помагала во училиштето континуирано се набавуваат според потребите на наставниците, согласно нормативите по сите наставни предмети . При набавка на нагледните средства и помагала се води сметка истите да одговараат на современите наставни текови. Училиштето располага со следната опрема: 32 бели магнетни табли, 4 мимио уреди за интерактивна настава, 14 интерактивни табли, 32 ЛЦД проектори, 6 звучници, 1 разглас, 26 персонални компјутери за потребите на кабинетот по информатика, 3 персонални компјутери во канцелариите на педагогот, психологот и дефектологот, 4 апарати за копирање, 8 ЛЦД телевизори, 2 дигитални фотоапарати, 1 камера, 61 нов лаптоп за наставниците, 3 лаптопа за администрација, 18 печатачи, електрично пијано и интернет мрежа достапна за секој наставник и ученик. Во учебната 2023/24 година, 75 училишни клупи и 180 училишни столчиња беа заменети со нови.

Нагледните средства и помагала редовно се користат во наставниот процес и придонесуваат за изведување на активна настава и подобрување на постигањата на учениците. Ефективната и ефикасната употреба на нагледните средства ја следи стручен тим во училиштето составен од психологот, педагогот и директорот на училиштето преку годишните планирања на наставниците, непосреден увид на часови, извештај за работата на активите, разговор со учениците и разговор со одговорните за одржување на компјутерите. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на

ИКТ.
Сите наставници во годишните, тематските и дневните планирања на наставата ги наведуваат темите, содржините и линковите на применетата ИКТ во реализацијата на програмата.
Во училиштето постојат 12 рутери, кои се распоредени така што овозможуваат интернет пристап за сите наставници и ученици во училиштето. Компјутерите набавени со проектот „Компјутер за секое дете“ веќе се амортизирани поради десетгодишната употреба. Во периодот 2022-2024 година голем дел од ИКТ содржините се реализираат со помош на ЛЦД проекции и интерактивни табли.
Училиштето е опремено со потребен функционален мебел, кој континуирано се обновува, поради постојаната амортизација. Со цел да се зачува истиот, во учебната 2021/22 година, беше реализирана кампања за развивање свест за чување на училишниот инвентар под мотото ,,Чувствувај се и однесувај се како дома”.
Од самото основање на училишната библиотека при ООУ „Стив Наумов“ – Скопје, па до денес, книжниот фонд бележи континуиран раст, односно, се зголемува и се збогатува, како со нови изданија, така и со нови наслови кои одат во прилог на читателските потреби на корисниците на истата. Библиотеката е сместена во посебна просторија и располага со библиотечен инвентар потребен за сместување на книжниот фонд, компјутер и интернет конекција што значи дека е уредена по пример на градска библиотека со уредно водена картотека и електронско водење на библиотечната евиденција, во што се вклучени и ученици, членови на библиотекарската секција.
Во однос на книжниот фонд и потребите на учениците, наставниците и другите вработени во училиштето, библиотеката располага со литература од најразлични области – стручна литература и прирачници, енциклопедии, речници, публикации, а најмногу со лектирни изданија од второ до деветто одделение. Исто така располага и со литература на други јазици – српски, хрватски, англиски и германски јазик. Има и голем број на сликовници, детски списанија, брошури, алманаси и други печатени и аудио и аудио-визуелни (CD – DVD) материјали, а вклучително и наставни средства и помагала што се во согласност со наставни текови.
Околу набавувањето и збогатувањето на книжниот фонд со нови изданија и нови наслови, што секако оди паралелно со укажувањата и промените во воведувањето на нови лектирни изданија и наслови од страна на БРО и МОН, училиштето води редовна грижа за набавување на потребната литература, па во последните години потребниот книжен материјал се зголемува во континуитет. За збогатувањето на фондот голем придонес имаат и сите оние кои донираат книжевни материјали и придонесуваат училишната библиотека да биде побогата и поисполнителна во однос на различните читателски потреби.
Библиотека располага со вкупен книжен фонд од 17.912 книги, од кои: 14.939 лектири, 865 стручна литература, 78 енциклопедии, 14 речници, 518 сликовници, 650 публикации, а меѓу наведената литература влегуваат и книги од различни жанрови проза (романи, збирки раскази, драми, едночинки...) и поетски збирки за деца и возрасни. Списанија за деца – од издаваштвото на „Детска радост “и „Арс Ламина“, дневен печат,стручни списанија и брошури... Најголемиот дел од книжниот фонд е на македонски јазик, а додека пак, на англиски јазик има 80 книги, на српски јазик 928 книги, на хрватски јазик 40 книги, на германски јазик 10 книги. Книжниот фонд редовно се збогатува и во голема мера ги задоволува потребите на учениците и наставниците, но и другите вработени во училиштето кои библиотеката ја користат редовно, во текот на целиот работен ден, односно, преку целата учебна година. Денес, библиотеката располага со околу 4.050 наслови, односно, со библиотечен фонд од 17.912 книги и бележи тенденција на постојано растење и збогатување на книжниот фонд. Во 2020 и 2021 година библиотеката обнови дел од лектирните изданија на издавачката куќа „Феникс“, „Просветно дело“ и „Матица македонска“, а веќе поседува и прирачници и збирки задачи од прво до деветто одделение од

издавачката куќа „Арс Ламина“, по еден примерок за секоја паралелка до петто одделение, како и за потребите на предметните наставници по математика. Во учебната 2023/2024, учениците од прво, второ и трето одделение по свој избор ги добиваат списанијата „Другарче“ на Просветно Дело и „Прв детски клик“ и “Детски клик“ на Арс Ламина и со тоа се остварува успешна соработка со издавачките куќи. Во учебната 2022/2023 година, библиотеката доби донација од сто книги во којашто бројка се вброени лектирни изданија и работни тетратки по повеќе наставни предмети за потребите на наставниците и учениците од прво до деветто одделение. За потребите на предметот македонски јазик, за сите паралелки веќе се купени прирачници и новиот Правопис на македонскиот литературен јазик од Институтот за македонски јазик, но и други прирачници од оваа област кои придонесуваат за збогатувањето на наставата по македонски јазик и обезбедуваат многу потребни и корисни информации. Во училиштето има стручна литература и нагледни средства за деца со посебни потреби.

Библиотеката располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги.

Во однос на просторот наменет за библиотека, истата располага со две простории од кои едната е наменета за библиотечниот книжен фонд и воедно е работен простор на библиотекарот, а другата е наменета за складирање на учебници. Библиотеката има потреба од читална или медијатека, што секако најмногу ќе оди во прилог на учениците, но и на наставниот кадар. Овој простор освен што би бил користен за активности поврзани со библиотеката, исто така би можел да се користи и за реализирање на активности поврзани со повеќе секции и работни групи кои постојат во училиштето.

Училиштето редовно набавува потрошен материјал за потребите на наставата и вонкаставните активности во училиштето: хартија за принтање, тонери, хамери, пликоа, налози, спојувалки, хефталици, коректори, регистратори, книги за фактури, тонер, книги за фактури, М4, М8, папки, селотејп итн. Училиштето се финансира од општината (државата). Во училиштето редовно се набавува и потрошен материјал за одржување на хигиената во сите простории во училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

**Теми**

- ✓ ***Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници***
- ✓ ***Ефикасност и распоредување на кадарот***
- ✓ ***Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар***

## Извори на податоци

Досиеја на вработените, акт за организација и систематизација на работните места, записник од разговорот со директорот и со наставниците, годишна програма за работа на училиштето, програма за работа на стручните соработници, извештај од работата на стручните соработници, записници од стручните активи, програма и извештаи на наставниците ментори, записници од работата на инклузивниот тим.

## Добиени податоци

Структурата на вработените која е во согласност со дадените нормативи може да се види преку следниве табели:

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Друго | |
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Број на вработени | 77 | 8 | 68 | | 1 | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 60 | 7 | 56 | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 4 | | 4 | | | | | | | | |
| Административни работници | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| Техничка служба | 10 | 1 | 8 | | 1 | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | |

**Степен на образование на вработени**

| | Број на вработени | | |
|---|---|---|---|
| Високо образование | 58 | 7 | 49 |
| Виша стручна спрема | 5 | | 5 |
| Средно образование | 7 | 1 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Основно образование** | **2** | | **2** |
| **Постдипломски студии** | **7** | **1** | **6** |

| **Години** | **Број на вработени** | | |
|---|---|---|---|
| **20-30** | | | |
| **31-40** | **8** | **2** | **6** |
| **41-50** | **38** | **3** | **35** |
| **51-65** | **28** | **2** | **26** |

Наставниот кадар во училиштето е компетентен за извршување на своите работни задачи. Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.

Истиот е поддржан и поткрепен од тимската работа на стручните соработници (педагог, психолог, дефектолог, библиотекар). Неговото ангажирање е во согласност со соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Работата на наставничкиот кадар соодветно е поддржана од страна на административно-техничкиот персонал.

Во училиштето постои пракса (традиција) колегите со поголемо работно искуство и стаж да им ги пренесуваат свои искуства од воспитно-образовната дејност на помладите од нив. Наставничкиот совет на наставниците приправници им назначува ментор кој изготвува програма, го упатува и му помага на приправникот во самостојно пишување на дневни подготовки, нивно реализирање и извршување на сите работни задачи.

Во случаи на пократко или подолго отсуство на вработените постојат механизми за нивна соодветна замена.

Редовноста на наставниот кадар во училиштето се води преку современа електронска евиденција при доаѓање и заминување од работа. Наставниот кадар е редовно присутен на своите работни места, се разбира освен оние кои имаат отворено боледување или породилно отсуство.

Стручните соработници им пружаат стручна помош и целосна поддршка на наставниците во планирање на програмата и организација на истата во наставата, спроведување интерни обуки за наставниците како поддршка на професионалниот развој, при следење на постигањата на учениците и справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво, давање советодавна помош на учениците и родителите.

Акцентот на стручните соработници е насочен кон децата со посебни образовни потреби и различни потешкотии, со цел

да се воочат и надминат потешкотиите.

Работата на наставниците и стручните соработници се следи преку соодветно изготвените инструменти наменети за вреднување на исполнувањето на работните должности, обврски и задачи на наставниците и стручните соработници во основното образование.

Оценувањето се спроведува континуирано во текот на целата учебна година.

За сите наставници од предметна и одделенска настава од страна на стручните соработници уредно се води педагошки картон во кој се внесуваат податоци од планирањето и реализацијата на наставата. Податоците во педагошкиот картон се собираат преку посета на часови од страна на директорот и стручните соработници.

Во училиштето се водат наставнички портфолија и професионални досиеја за директорот, сите наставници и стручни соработници. Во нив се содржат лични податоци, степен на обрзование, работно место и сертификати, потврди и дипломи со кои вработените се доусовршувале и се стекнале за време на нивното работно искуство.

За работата на наставниците, мислење дава директорот, советник или инспектор по извршените увиди од посети на часови, интерна самоевалуација и оценки по завршените интегрални увиди.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

### Теми

- ✓ ***Професионален и кариерен развој на наставниците***

### Извори на податоци

Годишна програма за работа на училиштето, интерни акти, разговори со стручните соработници, наставниците и со директорот, лични планови за професионален развој, програма за професионален развој на наставниот кадар, професионално досие на наставник/стручен соработник, извештај од самоевалуација, програма за работа на менторот и новоработениот во текот на учебната година, анкети за професионален развој на кадарот, листи од спроведените интерни обуки, записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција.

Во училиштето континуирано се планира и следи професионалниот развој на наставниот кадар, стручните соработници и директорот. Сите активности на ова поле се во согласност со законската регулатива: Закон за основно образование и Законот за наставници во основните и средните училишта. Училишниот тим за професионален развој ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој првенствено преку состаноци со стручните активи, спроведување анкета со понудени обуки и континуирано следење на примената на стекнатото знаење. Годишната програма за професионален развој е во корелација и со приоритетите во Годишната програма на училиштето.
Наставниците, стручните соработници и директорот прават самопроценка на своите професионални компетенции како основа за планирање на професионалниот развој и изготвување на личен план за професионален развој. Потоа, на состаноци на стручните активи со училишниот тим за професионален развој, се посочуваат компетенциите за кои е потребно усовршување. Истите тимот ги користи како индикатор во изготвувањето на училишната програма за професионален развој. Во училиштето се водат наставнички портфолија и професионални досиеја за директорот, наставниците и стручни соработници.За работата на наставниците, мислење дава директорот, советник по извршените увиди од посети на часови, интерна самоевалуација и оцени по завршените интегрални увиди. За сите наставници од предметна и одделенска настава од страна на стручните соработници се води педагошки картон во кој се внесуваат податоци од планирањето и реализацијата на наставата.
Согласно програмата, како и потребите и интересите се посетуваат обуки и семинари, организирани од страна МОН и БРО и релевантни институции и невладини организации. Во рамките на училиштето се организираат интерни обуки, како и дисеминации на стекнати знаења и компетенции од наставници и стручни соработници по посетени обуки и семинари. Во текот на учебната година од страна на стручните соработници и директорот се одржуваат стручни предавања на актуелни теми од воспитно - образовната дејност.
Во рамките на стручните активи во училиштето се посетуваат отворени, нагледни часови и се одржуваат предавања според актуелните теми и приоритетите на училиштето.
Во последните две години наставниците, директорот и стучните соработници посетија голем број обуки во, надвор од училиштето, како и вебинари.
Посетени се следниве обуки и работилници, организирани и поддржани од страна на МОН, БРО, Едуино и др. релевантни институции и организации:

- Обука „Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми“ (7-8.11.2022)
- Обука „Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата“ (7-8.11.2022)
- Обука „Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибер насилство“ (14.11.2022)
- Обука „Изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма“ (23-24.11.2022)
- Обука (интерна) „ Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата “ (17.01.2022)
- Обука „Имплементација на подзаконскиот акт усвоен од МОН – Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување“ (06.06.2023)
- Обука „Реализација на новата Наставна програма за шесто одделение “ (јуни, јули 2023)
- Обука „Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра

практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн / виртуелна училница “ (18,23-25.08.2023)
- Обука (интерна) „Програма-ДИСО (Децата и семејствата во образованието)“ (24,30.10.2023)
- Тренинг за тренери наменет за стручните соработници на тема „Род, родова еднаквост и родово засновано насилство. Спречување и заштита од насилство во училиштата“ (11-12.12.2023)
- Панел дискусија „Како до училиште без насилство“ (19.12.2023)
- Обука „Зајакнување на капацитетите за управување со менструалното здравје и хигиена” (04.04.2024)
- Конференција „Иднината на англискиот јазик” (15.05.2024)
Во периодот 2022-2024 година, наставниците и стручните соработници посетија и бројни вебинари подготвени и реализирани во рамките на платформата Едуино.
Покрај тоа што училиштето во својата годишна програма прави планирање за професионален развој на наставниците, исто така и секој наставник од ова училиште изготвува свој личен план за професионален развој ЛППР, во кој ги планира компетенциите кои би сакал да ги усоврши . Личниот план за професионален развој наставникот го изготвува пред почетокот на учебната година, а на крајот од учебната година, секој наставник изготвува извештај за реализација на личниот план за професионален развој.
Наставничкиот совет на наставниците приправници им назначува ментор кој изготвува програма, го оспособува приправникот за самостојно, квалитетно и успешно реализирање на работните задачи, развивање на професионални компетенции, унапредување на стекнатите знаења и вештини. На крајот на приправничкиот стаж менторот изготвува извештај и мислење за работата со приправникот, кое се потврдува од страна на директорот и Наставничкиот совет.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

**Теми**

- ✓ ***Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет***

**Извори на податоци**

Финансиски план, Развојна програма, годишната програма за работа, записници од разговори со директорот, одговорните лица, наставниците, училишниот одбор, инклузивниот тим, записниците и одлуките на училишниот одбор, записници од разговорите со советот на родители и ученичката заедница, записници од разговори со тимот за меѓуетничка интеграција, склучените договори, тендери за јавни набавки, понуди, записници од ревизија и управата за јавни приходи, програмата на ученичката заедница; записници од ученичкиот парламент, финансиски извештај, пишан документ за определување на приоритети за финансискиот план, прашалник од одговорно лице од основачот.

## Добиени податоци

Постапката за спроведување на финансиското работење во училиштето се одвива во три етапи:

I. Утврдување на потребите;
II. Обезбедување финансиски средства (МОН, општина, аплицирање со проекти и др);
III. Спроведување на планираното согласно законски и правни норми.

Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Закон. За некои воннаставни активности во училиштето се стекнуваат и средства за финансирање од учество во проекти или од донации (во пари, добра). Финансиски средства за надополнување на библиотечниот фонд се обезбедуваат и преку издавачките куќи кои го обезбедуваат детскиот печат за учениците.

Сите финанскиски средства во училиштето се користат наменски, за развој на воспитно-образовната дејност. При тоа приоритетите се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Предвидени се и финансиски средства за активностите во рамки на меѓуетничката интеграција и граѓанската вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. Овие активности финансиски се поддржани согласно нивните програми за работа, а средствата кои ги обезбедува училиштето се исплаќаат согласно Закон.

Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Планирањето на финансиските средства е опфатено со Финансискиот план на училиштето и Планот за јавни набавки. Училишниот одбор го предлага Финансиски план до основачот, по претходно обезбедено мислење од Наставничкиот совет. Финансиските средства од страна на училиштето се исплаќаат согласно годишниот финансиски план на училиштето.

Користењето на материјално-финансиските средства е транспарентно и законски поддржано, по потреби утврдени и поддржани од страна на сите субјекти во училиштето и со задолжително информирање на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители. Училишниот одбор добива квартални извештаи за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето и како највисок орган на управување редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Училишниот одбор до основачот, редовно и навремено предлага завршна сметка за финансиското работење на училиштето.

## Резултати од спроведени анкетни прашалници

| Прашалник за наставници | Анкетирани вкупно 58 наставници (машки 7, женски 51) |
|---|---|
| На тврдењето: „Во училиштето се планираат и обезбедуваат нагледни средства и помагала, како и потребен материјал за реализација на наставата “ наставниците одговориле: се согласувам 52 (89,7%), делумно се согласувам 6 (10,3 %). | |
| | |

| Прашалник за ученици | Анкетирани вкупно 111 ученици (машки 46, женски 65) |
| --- | --- |
| На тврдењето: „Библиотеката ги има сите лектирни изданија кои се предвидени за обработка и дополнителна литература.“ одговориле: се согласуваат 57 (51,4%) , делумно се согласуваат 42 (37,8%) , не се согласуваат 12 (10,8%) | |
| **Прашалник за родители** | **Анкетирани вкупно 157 родители (машки 31, женски 126)** |
| -На тврдењето: „Училиштето е опремено со ИКТ технологија , потребни нагледни средства , литература и потрошен материјал за учениците.” се согласувам одговориле 71 (45,2%), делумно се согласувам 70 ( 44,6%), а не се согласувам 16 ( 10,2%)<br>-На тврдењето: „Училиштето остварува успешна соработка со локалната заедница и бизнис секторот.“ се согласувам одговориле 97 (61,8%), делумно се согласувам 51 (32,5%), а не се согласувам 9 (5,7%) | |

## Заклучок

Училиштето располага со задоволителен број на просторни капацитети, кои се максимално искористени. Со оглед на фактот дека предност се дава на редовната настава, понекогаш се појавува недостаток на простории за реализација на додатна и дополнителна настава. Редовно се врши обновување на училниците и санитарните јазли, како и хортикултурно уредување на училишниот двор. Училиштето е опремено со современи аудио визуелни средства и помагала и ИКТ опрема, а училниците со современа технологија (интерактивни табли, LCD проектор,телевизори, DVD плеери, скенери, фотокопир...).

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат и се планираат и обезбедувааат средства за нивно континуирано одржување. Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето и има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата. Училишната библиотека располага со книжен фонд кој ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Анкетата покажува дека треба да продолжи трендот на збогатувањето на библиотеката со нови лектирни изданија. Наставните средства и материјали континуирано се обновуваат согласно финансиските можности на училиштето.

Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и водење педагошки картон и професионално досие. Стручните соработници го поттикнуваат наставничкиот кадар за примена на иновативни пристапи во наставата и современи стратегии на работа. Тие во својата програма планираат и спроведуваат разновидни активности поврзани со наставниот процес и се секогаш отворени за соработка.

Наставниците, стручните соработници и директорот учествуваат во обуки, конференции и семинари, а потоа по пат на дисеминација го пренесуваат стекнатото знаење на колегите. Училиштето ја почитува законската регулатива за наставниците приправници. Со одлука на Наставнички совет му се одредува ментор на наставникот приправник, кој им помага и ги насочува за што поуспешна, самостојна работа: му помага во подготовката на годишните, процесните и дневни планирања, го воведува во различни методи и стратегии на учење и поучување, врши постојани консултации со приправникот и дава мислење за неговата работа. Во училиштето постои пракса колегите со поголем работен стаж да им пренесуваат искуства од воспитно образовната дејност на помладите од нив.

Финансиското работење на училиштето се одвива според законските норми и за него се информирани сите вработени, родители и локалната заедница. Надлежни за негова контрола се директорот, училишниот одбор, локалната самоуправа, управата за јавни приходи и заводот за државна ревизија. Со финансиските средства со кои располага училиштето, се постапува така да се постигне оптимално задоволување на потребите, почитувајќи го приоритетот. Анкетата покажа дека има простор за унапредување на соработката со локалната заедница и учеството во проекти.

Се вложува максимум во подобрување на условите за работа, се преземаат активности за одржување, подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.

***Силни страни***

- ✓ Училиштето располага со задоволителен број на училници, кабинети, санитарни и други простории (канцеларии, библиотека, фискултурна сала, терени, кујна со трпезарија и помошни простории);
- ✓ Нагледните средства и помагала континуирано се обновуваат преку опремување со современи аудио визуелни средства и помагала, нови лектирни изданија и современа технологија (интерактивни табли, LCD проектори,телевизори, плеери, скенери, фотокопир...);
- ✓ Наставниците располагаат со модерни лаптопи кои ги задоволуваат потребите на ИКТ наставата;
- ✓ Интернет мрежата редовно се сервисира и се внимава сигналот да е подеднакво силен на целиот простор на училиштето;
- ✓ Училиштето располага со стручна литература која ги задоволуваат потребите на вработените;
- ✓ Училиштето располага со аудио, визуелна и ИКТ опрема, кои задоволуваат најголем дел од барањата на наставата;
- ✓ Просторните услови на училишните згради целосно и соодветно се искористени;
- ✓ Училиштето е опремено со потребен функционален мебел и е ставен акцент на негово чување од страна на

учениците;
- ✓ Просториите, ходниците, санитариите, дворните места редовно и уредно се одржуваат;
- ✓ Библиотеката е сместена во адекватно уредена просторија опремена со лектирни изданија за кои уредно се води евиденција;
- ✓ Вработениот кадар во училиштето е соодветно квалификуван за работните задачи што ги извршува;
- ✓ Постои континуирано стручно доусовршување на наставниот кадар;
- ✓ Редовноста на вработените е на исклучително високо ниво и се евидентира електронски;
- ✓ Во училиштето се назначуваат ментори кои им помагаат во извршувањето на работните задачи на наставниците – приправници;
- ✓ Училиштето организира интерни семинари и обуки на ниво на училиште;
- ✓ Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар и го поттикнуваат наставничкиот кадар за иновативен пристап во наставата;
- ✓ Добро се спроведува и контролира финансиското работење во училиштето.

***Слабости***

- ✓ Училишната зграда – простор не се доволно прилагодени за движење и функционирање на учениците со телесни пречки во развојот;
- ✓ Недостасува простор за индивидуални средби со родители;
- ✓ Просторните можности за реализација на наставата по физичко и здравствено образование се со мал капацитет;
- ✓ Делумна е соработката со локалната заедница и учеството во проекти;

## Приоритетни подрачја

- ✓ ***Подобрување на опременоста на училиштето (набавка на нови училишни клупи и столчиња)***
- ✓ ***Прилагодување на училишниот простор за движење и функционирање на учениците со телесна попреченост***
- ✓ ***Обезбедување дополнителен простор за реализација на наставата по физичко и здравствено образование***

# 7.1 Управување, раководење и креирање политика

**Индикатори**

- 7.1 Управување и раководење со училиштето
- 7.2 Креирање на училишната политика

**Работна група**

1. Даниела Наумовска-одговорна
2. Љубинка Стоилковска Петрушева
3. Валентина Соколовска
4. Руменка Дејанова
5. Александар Каровски
6. Марјан Трајковски

# 7.1.Реализација на наставните планови и програми

## Теми

- ✓ ***Управување со училиштето***
- ✓ ***Раководење со училиштето***

## Извори на податоци

Закон за основно образование, статут на училиште, деловник за работа на Училишниот одбор,програма за работа на Училишниот одбор, годишна програма за работа на училиштето, годишна програма за работа на директорот, одделенски дневник записници од одлуки и извештаи од работата на Наставничкиот совет и Училишниот одбор, записници од стручни активи, записници од Одделенски совети, самоевалуација и план за развој на училиштето, записници од Совет на родители, кодекс на однесување, правилник за почитување на куќниот ред, правилник за изрекување на педагошки мерки, правилник за утврдување ученик на генерација, програма за намалување на насилството во училиштет, програма за меѓуетничка интеграција,правилник за екскурзии правилник за советување родители на учениците во ООУ,,Стив Наумов,“ правилник за распоред на работното време на наставниците, стручните соработници и вработени кои вршат администртативно-технички работи во училиштето,проширена програма за прифаќање на учениците пред и по наставата, правилник за прием и запишување на децата во прво одделение, регистер за учество на учениците на натпревари,регистер на изречени педагошки мерки, извештаи од систематски преглед, годишни извештаи, записници од работата на Наставничкиот совет, стручни предавања и други материјали од областа на здравственото воспитување.

## Добиени податоци

Структура на управување и раководење на училиштето се состои од :
-Орган на управување – Училишен одбор
Училишниот одбор брои седум члена и тоа: 3 наставници, 3 родител и 1 член од локална самоуправа. На седниците на училишниот одбор, се поканувааат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.
-Орган на раководење - менаџерски нивоа: директор, претседатели на стручни активи, одделенски/класни раководители.
Директор на училиштето од 15.02.2021 до 18.07.2023 е Елизабета Јовановска на возраст од 61 година со образование-професор по хемија.

Директор на училиштето  од 18.07.2023 до сега е Лилјана Стефановска - професор по етика и граѓанско образование.
Во училиштето работат стручни активи и секој актив има претседател. Застапени се следниве стручни активи : актив на одделенска настава, актив на општествено јазична група  и природно – математичка група на предмети.

Надлежностите за управување и за административните задачи се дефинирани во Статутот на училиштето:

1. Орган на управување
2. Орган на раководење

- Воспитно образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо

3. Стручни органи и тела (наставничкиот совет, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници и стручните активи на наставниците.

Со Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа јасно се дефинирани надлежностите на раководење, управување и надлежностите на административното лице (благајник). Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со наставниот процес или разрешување на конкретни проблеми е отворена. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето. Раководниот тим соработува преку одржување состаноци, наставнички совети, консултации со раководители на други училишта. Проблемите најчесто се решаваат на ниво на наставнички совет или со формирање на комисии кои одлучуваат.
Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Во него членуваат 7 члена и тоа : тројца претставници од наставниците и стручните соработници (Тоше Трајковски-професор по историја, Слободанка Басотова-професор по одделенска настава, Мери тодорова-Младеновска-библиотекар), тројца претставници од родителите на учениците (Димитар Проданов-третседател на Училишниот одбор, Шенај Исмаил Кутај, Јелена Обочки Апостолова), еден претставник од локалната самоуправа (Убавка Наумовска ). Двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент, без право на глас (Никола Василевски, Мила Јовановска) Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловникот за работа на Училишниот одбор и согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.
Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Пред секој состанок на УО секој член е уредно поканет со писмена/електронска покана и известен за дневниот ред на состанокот. За да го обезбеди и поттикне присуството на состаноците одговорен е претседателот на УО-Шенај Исмаил Кутај.  Вработените при ООУ “Стив Наумов” добиваат известување за одржување на состаноци преку јавно истакнување на поканата и дневниот ред на огласна табла. Со тоа секој вработен е информиран и може до претставниците од наставниците во Училишниот одбор да даде свој предлог или мислење во однос на дневниот ред.
За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот на училиштето. За разгледување и усвојување на Годишната програма на училиштето задолжен е Училишниот одбор.
Раководен орган на училиштето е директорот кој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Директорот соработува, се консултира, одговара и заеднички ги решава проблемите кои произлегуваат од работата во училиштето. Мотивираноста на наставниците за воспитно-образвоната работа ја постигнува со меѓусебно разбирање и почитување, со културен, толерантен и демократски однос и со барање одговорност. Инструменти за вреднување на воспитно-образовната работа на наставниците се: редовност, исполнителност, постигнувања резултати на училишни натпревари, ангажирања во стручни активи, мотивација.

Највисок стручен орган на училиштето е Наставничкиот совет каде членуваат сите вработени наставници и стручни

соработници. Преку него се води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето. Редовноста од страна на наставниците е во целост исполнета. Работата на Наставничкиот совет се состои од:
-давање мислење по предлог на годишната програма за работа на училиштето;
-разгледување и утврдување успехот на учениците и работата на другите органи;
-донесување одлуки и по приговор на учениците за утврдени оценки;
-одредување и доделува награди на ученици;
-изнаоѓање форми, методи, заклучоци за подобри резултати кај учениците:
-изработување и усвојување проекти и планови на училиштето;
-разгледување и утврдува насоки дадени од страна на Министерството, Бирото за развој на образованието и од Локалната самоуправа;
-разгледување извештај од реализација на годишната програма за работа од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлагање соодветни мерки;
-давање мислење за годишниот финансиски план на училиштето;
-разгледување План за развој на училиштето;
-избирање претставници во УО;
-вршење други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Програмски планирани состаноци на раководниот тим со наставниот кадар се одржуваат: Стручен актив еднаш месечно, а Одделенски и Наставнички најмалку 4 пати во годината и со нив раководи директорот на училиштето. На овие состаноци се разгледува и усвојува Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето, се утврдуваат задолженија на наставниците, се носи програма за организирање на ученички екскурзии, програма за стручно усовршување на наставниот кадар и други прашања поврзани со наставата. Годишната програма е разгледана и усвоена на Наставничкиот совет и Училишниот одбор.

Покрај органот на управување и раководење во училиштето има стручни органи и тела и тоа:
*Наставнички совет на училиштето,
*Одделенски совети, одделенски раководители,
*Совет на родители и
*Ученички организации.

Консултациите со раководниот тим се одвиваат по пат на разговор, а информациите се добиваат и на состаноци, усни известувања, и известувања во писмени форма на огласната табла во училиштето. Работата и активностите на Советот на родители се евидентира во записничка книга.

- Раководниот орган гради политика на здрава училишна клима. Тоа го постигнува преку донесените прописи и правила на однесување на учениците. Раководниот орган има изготвени Кодекс на однесување (за наставници и ученици), Кодекс на облекување, Етички кодекс и Еко кодекс.

Во училиштето постојат и се применуваат и следните правилници:
- Правилник за почитување на куќниот ред;
- Правилник за оценување, напредување, полагање на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки;
- Регистер на изречени педагошки мерки на учениците;
- Регистер за учество на ученици на натпревари;
-Правилник за утврдување Ученик-првенец на генарацијата;

-Програма за намалување на насилството во училиштето;
-Програма за меѓуетничка интеграција во образованието;
-Правилник за советување родители на учениците во ООУ,,Стив Наумов“;
-Правилник за заштита од елементарни непогоди;
-Правилник за заштита за лични податоци;
-Правилник за користење на компјутерска опрема;
-Правилник за прием и запишување на деца во прво одделение;
-Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другислободни активности на учениците и според овој правилник се изготвува програма за изведување на ученички екскурзии.

Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат. Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес кон тимска работа. Во креирањето на политиката вклучени се сите наставници, ученици и родители, но постои и отвореност за соработка со различни партнери. Со училишната политиката се информираат сите заинтересирани субјекти на Наставнички совет, Одделенски совети и Стручни активи.

Наставниците приправници под менторство работат првата година, а потоа полагаат стручен испит.

Одговорен за годишното планирање е директорот на училиштето. Во училиштето се формирани тимови кои изготвуваат План за развој на училиштето. Планот за развој ги одразува реалните потреби на училиштето, потребите од пераменентно стручно усовршување на наставниот кадар, перманентна едукација на родителите, развивање и усовршување на системот за следење, објективно оценување на постигањата на учениците и истиот се заснова на постоечките ресурси и е поддржан од страна на вработените во училиштето.

Планот за развој ги содржи следните елементи:

- анализа на состојбата;
- Мисија и Визија на училиштето;
- цел, стратегија, мото;
- подрачја на промени;
- развојни цели, задачи, активности

Детален план за имплементација каде училиштето се вклучува во проекти и семинари кои промовираат инклузивна настава со цел да се подобри учењето и наставата преку подобрување на професионалните компентенции, подобрување на квалитетот на тематските и дневните планирања на наставниците и подобрување на оценувањето во училиштето.

## 7.2 Креирање на училишната политика

### Теми

- ✓ ***Јасност и соодветност на мисијата и визијата***
- ✓ ***Процедури за креирање на училишната политика***
- ✓ ***Резултати  за развојното планирање***

### Извори на податоци

Годишна програма за работа на училиштето, кодекс на однесување на учениците,кодекс на однесување на наставниците, правилник за почитување на куќниот ред, правилник за надомест на штета правилник за пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците регистер за учество на учениците на натпревари, регистер на изречени педагошки мерки, годишни извештаи записници од работата на Наставничкиот совет, самоевалуација и развоен план акциски планови разговор со директор, наставници, ученици записници од УО, совет на родители и наставнички совет, пописни листи, финансиски план на училиштето, записници од органите и телата, апликации на училиштето за обезбедување на средства

### Добиени податоци

Во креирање на Годишната програма за работа на училиштето учествуваат наставниците, стручната служба и директорот на училиштето. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето.
-Училишната политика ја креираат директорот, Училишниот одбор, стручен и наставен кадар во согласнот со Министерството за образование и Локалната самоуправа и Советот на родители. Училишната политика се креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура и субјектите во училиштето. Сите заинтересирани субјекти се информираат за таквата политика, наставниците преку наставнички совети, учениците преку ученичките заедници а родителите преку Советот на родители и родителски средби.
***-Мисија на училиштето е поттикнување на критичко мислење кај учениците во процесот  на учење согласно нивните способности и можности и оспособување за соживот во мултиетничко општество.***
***-Визија:   Ќе ги подобруваме постигнувањата на учениците преку примена на современи образовни***

***приоди,притоа почитувајќи ги нивните индивидуални можности и способности, со цел промовирање на нивните знаења во локалната и пошироката мултиетничка заедница***.

-Целите и креирањето на училишната политика се засноваат во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Целите се: стекнување трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за доживотно учење и индивидуален развој.

Стратегија: Осмислен избор и примена на наставни начела, методи и постапки кои кај секој ученик ќе делуваат поттикнувачки на сите подрачја на неговиот индивидуален развој и неговата интеграција во општеството.

Училиштето гради политика на здрава училишна клима. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците. Училиштето има изготвено и Кодекс на однесување на наставниците, каде јасно се дефинирани обврските на сите вработени во училиштето пред се наставниците.

Во училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштето, намалување на семејното насилство, атикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите. Правилник за почитување на куќниот ред со чии одредби се утврдуваат правилата за однесувањето во училиштето и се регулира дневниот живот во училиштето. Куќниот ред во училиштето во најголем дел се почитува, а доколку се утврди прекршување на одредбите од правилникот, се изречуваат соодветни казнени мерки, постои Правилникот за надомест на штета.

Во училиштето постојат и се применуваат правилници со кои се уредува и креира училишната политика, во која се вклучени сите наставници, ученици и родители, но постои отвореност за соработка. Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат. Со нивното учество се обезбедува богатство на идеи, поголема транспарентност и објективност во следењето на квалитетот на работата на училиштето и јасно дефинирани цели.

Во училиштето се води евиденција за учество на учениците на натпревари и за изречени педагошки мерки. Со анализа на податоците од овие регистри се увидуваат и планираат понатамошните насоки за подобрување на работата, дисциплината и успехот на учениците.

Учениците кои постигнуваат особени резултати јавно се пофалуваат и наградуваат.

Врз основа на направениот увид од годишните извештаи се согледува целокупната активност на учениците и вработените во училиштето. За подобрување на истата се превземаат соодветни инструменти.

За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата.

За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот, а му помага Комисија од редот на стручните соработници и наставници. Со планот за развој дадена е проценка на потребите на училиштето и определени се приоритетните насоки за развој на училиштето, начини за нивно остварување и носителите на активностите. Планот за развој на училиштето содржи стратешки цели, развојни и конкретни цели, како чекори за негово остварување.

Целите на училиштето се во согласнот со државната и локалната образовна политика каде реално се отсликани,

прецизни, соодветни според потребите на сите три училишта. При нивно дефинирање се земени предвид ставовите на директорот, наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има изготвено план за следење, спроведување и успешност на реализација на активностите.

Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето.

Секој наставник редовно посетува обуки организирани од БРО, МОН и УСАИД.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува.

Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално-техничките средства на училиштето. Постои финансов план на училиштето според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето.

Потребите за реализација на успешна настава се делумно задоволени во поглед на материјално-технички средства и нагледни средства.

Училиштето планира подобрување на инфраструктурата со Годишната програма.

Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот, за што има формирано тим за професионален развој.Тимот за професионален развој изготвува програма за професионален развој на наставниот кадар во која се планираат разни форми на стручно усовршување кои ќе придонесат за развој на професионалните компетенции на наставниците и стручните соработници. Се планираат и издвојуват финансиски средства за обуки, семинари, конференции за стручно усовршување на вработените и унапредување на воспитно-образовниот процес.

Во програмата за професионален развој се вклучени и обуките за работа со ученици со посебни образовни потреби. Голем број наставници имаат посетено обуки за работа со деца со ПОП, а во училиштето од страна на училишниот дефектологот се одржани интерни предавања и обуки како да се работи со овие деца и како да се изготви индивидуален образовен план за децата со посебни образовни потреби.

Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење. Во рамките на училиштето се организираат интерни обуки, како и диесминации на стекнати знаења и компетенции од наставници и стручни соработници по посетени обуки и семинари.

**Резултати од спроведени анкетни прашалници**

| Прашалник за наставници | Анкетирани вкупно 58 наставници |
|---|---|
| -На тврдењето :„Во училиштето постои транспарентност при информирањето за донесените одлуки и решенија за целокупната работа“ наставниците одговориле: се согласувам 24 (55%), делумно се согласувам 18 (41%) , не се согласувам 2 ( 4,5 %). | |

| Прашалник за ученици | Анкетирани вкупно 137 ученици |
|---|---|
| -На тврдењето: „ Моето мислење се зема во предвид при донесување на одлуки кои се однесуваат на учениците “одговориле: се согласуваат 78 (57%) , делумно се согласуваат 49 (36%) , не се согласуваат 10 (7 %). | |
| **Прашалник за родители** | **Анкетирани вкупно 162 родители** |
| -На тврдењењто: “Советот на родители на состаноците разгледува и разменува информации и иницијативи за успешно реализирање на основната дејност на училиштето ”се согласувам одговориле 54 (33%), делумно се согласувам 101 ( 62 %), а не се согласувам 7 ( 4 %). | |

## Заклучок

Тимот настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на организацијата, делегирањето на одговорностите и комуникацијата при донесувањето одлуки и нивно пренесување. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти, постоечката документација во училиштето и од Извештајот од интерната евалуација на училиштето спроведена во април 2016 година.

Училиштето располага со задоволителен број на просторни капацитети. Редовно се врши обновување на училниците и санитарните јазли, како и хортикултурно уредување на училишниот двор.Училиштето е опремено со современи аудио визуелни средства и помагала и ИКТ опрема, а училниците со современа технологија (LCD проектор,телевизори, DVD плеери, скенери,фотокопир...). Целото училиште во наставата секојдневно користи компјутери и смарт табли (дел од училниците кои се опремени).

Училишната библиотека располага со книжен фонд, кој ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Постои потреба од збогатување на библиотеката со нови лектирни изданија. Потребите пак од наставни средства и материјали континуирано се обновуваат согласно финансиските можности на училиштето.

Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и внесување на податоци во педагошки картон и професионално досие.Стручните соработници го поттикнуваат наставничкиот кадар за иновативен пристап во наставата. Тие во својата програма планираат и спроведуваат разновидни активности поврзани со наставниот процес и се секогаш отворени за соработка.

Персоналот пак со повисоки квалификации е секогаш подготвен да им помогне на младите кадри во нивното стручно усовршување. Фактичката ситуација е таква што на наставниците кои сакаат стручно да се доусовршат им се дава како морална , така и делумно материјална поддршка. Училиштето ја почитува законската регулатива за наставниците приправници.Со одлука на Наставнички совет одредува ментор на наставникот приправник. На наставниците приправници им се назначува ментор кој им помага и ги насочува за што поуспешна, самостојна работа. Менторот ја следи работата на наставникот, му помага во припрема на годишните и процесните планирања, го упатува во различни пристапи за одржување на часовите, врши постојани консултации со приправникот и дава мислење за неговата работа. Во училиштето постои пракса колегите со поголем работен стаж да им пренесуваат искуства од воспитно образовната дејност на помладите од нив.

Финансиското работење на училиштето се одвива според законските норми и за него се информирани сите вработени, родители и локалната заедница. Надлежни за негова контрола се директорот, Училишниот одбор, Локалната самоуправа, Управата за јавни приходи и Заводот за државна ревизија. Финансиските средства со кои располага училиштето не се доволни за задоволување на сите потреби во него.

Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган. Училиштето обезбеди обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување.

Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка и секогаш е достапен за помош, совет и давање информации за сите субјекти, знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Учениците информациите ги добиваат преку одделенскиот раководител или известување.

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици.

Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.

Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците кои секогаш наоѓаат место онаму каде што се најпотребни.

Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.

Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа, обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување, подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.

***Силни страни***

- ✓ Училиштето располага со задоволителен број на училници, кабинети, санитарни и други простории (канцеларии, библиотека, фискултурна сала, мала фискултурна сала наменета за одделенска настава и кујна со трпезарија и три помошни простории-магацини).
- ✓ Вработениот кадар во училиштето е соодветно квалификуван за работните задачи што ги извршува
- ✓ Постои континуиран интерес и желба за стручно доусовршување на наставниот кадар
- ✓ Редовноста на вработените е на исклучително високо ниво и се евидентира електронски
- ✓ Во училиштето постои пракса за назначување на ментори кои им помагаат во извршувањето на работните задачи на наставниците –приправници
- ✓ Бројот на лектирни изданија за учениците задоволува
- ✓ Нагледните средства и помагала континуирано се обновубаат
- ✓ Училиштето располага со стручна литература која ги задоволуваат потребите на вработените

- ✓ Училиштето располага со аудио, визуелна и делумно со ИКТ опрема
- ✓ Подобрени се материјално техничките услови за работа на училиштето преку опремување со современи аудио визуелни средства и помагала,нови лектирни изданија и современа технологија (LCD проектор,телевизори,DVD плеери,скенери,фотокопир...)
- ✓ Подобрена е инфраструктурата на фискултурната сала за изведување на наставата по физичко и здравствено образование
- ✓ Добро се спроведува и контролира финансиското работење во училиштето
- ✓ Просторните услови на училишните згради целосно и добро се искористени
- ✓ Училиштето е опремено со потребен мебел кој добро се одржува
- ✓ Училиштето има добра раководна структура која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците
- ✓ Тимската работа е на високо ниво
- ✓ Присутно е високо ниво на транспарентност во работата
- ✓ Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, транспарентност и правичност при донесувањето одлуки
- ✓ Изграден училишен имиџ
- ✓ Библиотеката е сместена во соодветна просторија опремена со лектирни изданија каде уредно се води евиденција.
- ✓ Училиштето организира интерни семинари и натпревари на ниво на училиште
- ✓ Најголем дел од родителите се задоволни од односот на директорот, наставниците и вработените со што е воспоставена клима на почит и соработка меѓу наставник, родител и ученик

Просториите, ходниците, санитариите, дворните места редовно и уредно се одржуваат, а нивни показател е високо ниво на хигиена

***Слабости***

- ✓ Во библиотеката недостига простор-катче каде учениците и наставниците ќе разгледуваат и читаат литература.
- ✓ Недостасува простор за индивидуални средби со родители
- ✓ Потребни се поголеми просторни можности за изведување на воннаставни активности
- ✓ Поголема транстарентност во однос на информирање на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес за работата на УО
- ✓ Недоволна соработка со деловната заедница, локалните стопански организации, фабрики, културни центри и др. надворешни правни и физички лица

## Приоритетни подрачја

- ✓ ***Зголемување на соработка на УО со другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес***
- ✓ ***Поголема соработка со бизнис секторот за обезбедување донации за потребите на училиштето***

# 8.Училишни приоритети/предлог мерки

Комисијата ги разгледа извештаите од тимовите по секое од подрачјата од самоевалуацијата и ги донесе следниве ***предлог мерки-приоритети*** за подобрување на квалитетот на целокупната воспитно-образовна работа:

1
- **Обезбедување нови компјутери за реализација на предметот Техничко образование и информатика во одделенска настава**

2
- **Планирање активности за поддршка на наставниците при оценување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби**
- **Воспоставување систем за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици.**

3
- **Опремување на сите училници со смарт табли**
- **Организирање заеднички работилници и настани за ученици, родители и наставници**

4
- **Спроведување активности за заштита и унапредување на здравјето кај учениците**
- **Опремување на ресурсна соба за поддршка на учениците со посебни образовни потреби**

5
- **Спроведување активности за поттикнување ненасилна училишна култура**
- **Поттикнување на граѓанскиот активизам, волонтерството и вклучување на учениците во активности на заедницата**

6
- **Прилагодување на училишниот простор за движење и функционирање на учениците со телесна попреченост**
- **Обезбедување дополнителен простор за реализација на наставата по физичко и здравствено образование**

7
- **Поголема соработка со бизнис секторот за обезбедување донации за потребите на училиштето**
- **Зголемување на соработка на УО со другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес**